# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТУРИЗМОТ И ГАСТРОНОМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2102-57/3 од 29.1.2018 година донесена на 183. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 29.1.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *економика и организација на туризмот и гастрономија* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- проф. д-р Науме Мариноски, редовен професор – претседател,
- проф. д-р Васко Цуцулески, редовен професор – член и
- проф. д-р Марија Таковска, редовен професор – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 18.12.2017 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатот д-р Нако Ташков, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Нако Ташков** е роден на 30 јануари 1952 година во с. Брусник, Неготино. Средното угостителско училиште и виша угостителско-туристичка школа завршува во Охрид и се стекнува со звање економист по угостителство. Дипломира на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски” во Битола и се стекнува со звање дипломиран економист по туризам и угостителство. Ташков своето образование го продолжува на постдипломските студии на истоимениот Факултет за туризам и угостителство во Охрид, каде што во 2002 година го брани својот магистерски труд „*Туристички вредности на бањите во Република Македонија*” и се стекнува со звање магистер на науки од областа на туризмот и угостителството. Во 2008 година ја одбранува својата докторска дисертација под наслов „*Економската евроинтеграција на земјите од Централна и Југоисточна Европа*” на Меѓународната отворена академија во Киев, Република Украина.

***Работно искуство***

Ташков има богато работно искуство кое започнува во ЗИК „Црвена ѕвезда“, а продолжува непрекинато од 1977 до 2002 година во МК „Астибо” - ООЗТ „Стандард” како раководител на кујна и директор на истата организација. Во меѓувреме, од 1979 до 1994 година работи како хонорарен наставник во угостителската насока во СОУ „М.М. Брицо” во Делчево, со дисперзирани паралелки во Македонска Каменица и ги предава стручните предмети од областа на угостителството и туризмот. Во истиот временски период учествува на повеќе сојузни и републички натпревари во областа на гастрономијата и послужувањето, каде што има освоено повеќе од 30 медали. Како иницијатор за отворање на угостителска паралелка во СОУ „Коле Нехтенин” од 2002 до 2008 година работи во истото училиште и учествува на многу републички угостителски натпревари, каде што има освоено пет медали. Во учебната 2007/2008 година е хонорарно ангажиран на Високата медицинска школа при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, по предметот Исхрана и диететика.

Во 2008 година, на седницата на Матичната комисија за основање на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип е избран за доцент по група предмети од обласа на економика и организација на туризмот, а истовремено ја извршува и функцијата декан на Факултетот во два мандати. Во јули 2013 година е избран како вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, каде што покрај редовните студии е вклучен во постдипломските студии на насоките Меѓународен туризам и Бизнис логистика, како и на докторските студии на насоката Туризам и угостителство. Паралелно д-р Ташков е ангажиран и на Факултетот за медицински науки на прв циклус студии при УГД, Штип.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

Кандидатот д-р Нако Ташков со Одлука бр. 2102-576/3 на Наставно-научниот совет од 9.7.2013 година е избран за вонреден професор во наставно-научна област економика и организација на туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип.

Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Mitreva, E., Taskov, N., Krivokapić, Z., Jovanovic, J. (2017) | The key to Macedonian competitiveness success. | Quality - Access to Success, 18 (161). pp. 59-63. ISSN 1582-2559. | SCOPUS, SJR = 0.25, Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). | 2000 |
| 2. | Mitreva, E., Taskov, N., Krivokapić, Z., Jovanovic, J. (2017) | Managing Employees in Macedonian Companies. | Tem Journal, 6 (4). pp. 792-799. ISSN 2217-8309. | (SCOPUS), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). | 2012 |
| 3. | Mitreva, E., Taskov, N., Srebrenkoska, V., Filiposki, O., Lazarevski, I., Jovanovic-Malinovska, R. (2017) | Application of methods and techniques for quality in the Macedonian companies. | Quality - Access to Success, 18 (160). pp. 73-78. ISSN 1582-2559. | (SCOPUS, SJR = 0.25), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). | 2000 |
| 4. | Mitreva, E., Taskov, N., Gjorshevski, H. (2017) | High performance management practices and sustainability outcomes within higher education institutions. | The European Proceedings of Social & Behavioural Sciences EpSBS, 23. pp. 227-240. ISSN 2357-1330. | Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). | 2000 |
| 5. | Mitreva, E., Taskov, N., Filiposki, O., Lazarevski, I., Gjorshevski, H. (2017) | The Success of Projecting and Implementing Quality System in the Macedonian Companies. | TEM Journal, 6 (2). pp. 372-379. ISSN 2217-8309. | (SCOPUS), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index), | 2012 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Mitreva, E., Taskov, N., Filiposki, O., Lazarevski, I., Srebrenkoska, V.,Gjorshevski, H. (2017) | Measuring the Business Results in the Macedonian Companies. | TEM Journal, 6 (3). pp. 558-566. ISSN 2217-8309 / 2217-8333. | (SCOPUS), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index), | 2012 |
| 7. | Mitreva, E., Taskov, N., Srebrenkoska, V., Filiposki, O., Lazarevski, I., Jovanovic-Malinovska, R. (2017) | Analysis of the current conditions in the Macedonian companies concerning the quality of products, services and processes. | Quality - Access to Success, 18 (156). pp. 65-72. ISSN 1582-2559. | (SCOPUS, SJR = 0.25), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). | 2000 |
| 8. | Kuzelov, A., Andronikov, D., Taskov, N., Sofijanova, E., Saneva, D. (2017) | Oxidative stability effect of basil, garlic and muscat blossom extracts on lipids and microbiology of minced meat. | Comptes rendus de l'Académie bulgare des Sciences, 70 (9). pp. 1227-1236. ISSN 1310-1331. | (SCOPUS). | 1948 |
| 9. | Mitreva, E., Angelovski, G., Filiposki, O., Taskov, N., Gjorshevski, H. (2016) | Optimization of Business processes in Airport Services Company in Macedonia using the TQM Philosophy. | TEM Journal, 5 (4). pp. 507-514. ISSN 2217-8309 / 2217-8333 (Online). | Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). | 2012 |
| 10. | Mitreva, E., Cvetkovik, D., Filiposki, O., Taskov, N., Gjorshevski, H. (2016) | The Effects of Total Quality Management Practices on Performance within a Company for Frozen Food in the Republic of Macedonia. | Tem Journal, 5 (3). pp. 339-346. ISSN 2217-8309 (Print). | Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). | 2012 |
| 11. | Mitreva, E., Taskov, N., Sazdova, J., Gjorshevski, H. (2015) | The need to improve the educational process in high education institutions in the Republic of Macedonia by applying management methods and techniques | *Technics Technologies Education Management, (TTEM), 10 (4). pp. 467-475. ISSN 1840-1503.* | SCOPUS, SJR = 0.11 | 2006 |
| 12. | Mitreva, E. and Taskov, N., Sazdova, J., Gjeorgieva, I.,Gjorshevski, H. (2015) | The Need for Implementation of Integrated Management Systems (IMS) in Macedonian Companies | *Calitatea - acces la succes (Quality - Access to Success), 16 (147). pp. 62-65. ISSN 1582-2559* | SCOPUS, SJR = 0.22. Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index), | 2000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 13. | Mitreva, E., Taskov, N. & Angeleski, M. (2015) | Approaches for the Advancement of Business Processes in a Company that Deals with Graphic Production | *Actual Problems of Economics, 6 (168). pp. 190-201. ISSN 1993-6788* | SCOPUS, SJR = 0.18 | 2007 |
| 14. | Taskov, N. & Mitreva, E. (2015) | Total Dedication of the Top Management within the Macedonian Higher Education Institutions | *Procedia - Social and Behavioral Sciences, 180 (5), May 2015, pp. 219–226. ISSN: 18770428. The 6th International Conference Edu World 2014 "Education Facing Contemporary World Issues", 7 -9 Nov 2014, University of Pitesti, Romania.* | SCOPUS, SJR = 0.16 | 2009 |
| 15. | Taskov, N. & Mitreva, E. (2015) | The motivation and the efficient communication both, are the essential pillar within the building of the TQM (Total Quality Management) system within the Macedonian higher education institutions | *Procedia - Social and Behavioral Sciences, 180 (5), May 2015, pp. 227–234. ISSN: 18770428. The 6th International Conference Edu World 2014 "Education Facing Contemporary World Issues", 7-9 Nov 2014, University of Pitesti, Romania.* | SCOPUS, SJR = 0.16 | 2009 |
| 16. | Taskov, N., Mitreva, E., Sazdova, J., Barishic, D. & Metodijeski, D. (2014) | Preparatory activities for the successful implementation of the methodology for after sales support to customers in the TQM system | *Technics Technologies Education Management, 9 (4). pp. 751-757. ISSN 1840-1503* | SCOPUS, SJR = 0.11 | 2006 |
| 17. | Mitreva, E., Taskov, N. & Crnkovic, S. (2014) | Application of methodology for business process improvement in specialized diagnostic laboratory | *Quality - Access to Success, 15 (141). pp. 91-95. ISSN 1582-2559. ISSN: 18770428* | SCOPUS, SJR = 0.22 | 2000 |

Трудовите кои се претставени погоре се уредно прикачени на платформата на електорнскиот академски репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Taskov=3ANako=3A=3A.html

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Вонреден професор д-р Нако Ташков работи на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип од неговото формирање до денес. Д-р Ташков во август 2008 година од страна на Матичната комисија е избран за доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Кандидатот со Одлука на Наставно-научниот совет од 2013 година е избран за вонреден професор во наставно-научна област економика и организација на туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Во периодот од 2008 до 2015 година (два мандата) ја извршува функцијата декан на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Истакнуваме дека вонреден професор д-р Нако Ташков активно е ангажиран во наставата преку предавања и вежби на сите три циклуси на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика. На прв циклус студии, на насоките Туризам, Гастрономија, исхрана и диететика и Хотелско-ресторанска насока е ангажиран за следните предмети: Економика на послужување и готварство, Технологија на послужување, Пракса во хотелско-угостителски објекти, Основи на вештина во готвењето, Менаџмент на производство на храна и Класична кујна. На Земјоделскиот факултет, на насоката Рурален туризам е ангажиран за следните предмети: Економика на послужување и готварство, Технологија на послужување Пракса во хотелско-угостителски објекти, Основи на вештина во готвењето, Менаџмент на производство на храна и Класична кујна. На вториот циклус на студии, на насоката Меѓународен туризам неговиот ангажман е за следните предмети: Современо хотелиерство, Производствен процес во угостителството, Туристичко посредување. Исто така, на вториот циклус студии на насоката Гастрономија, исхрана и диететика е ангажиран за предметите Производствен процес во угостителство, Наука за исхрана, Уредување и опремување на угостителски објекти. На вториот циклус студии, на насоката Бизнис логистика е ангажиран на предметот Бизнис системи во туризмот и угостителството. На третиот циклус студии во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Туризам и угостителство, кандидатот е ангажиран за предметите Анализа и управување на туристичко-угостителски објекти, Примена на политики за развој на домашниот туризам и угостителство и Современо хотелиерство и угостителство.

За потребите на наставата на Факултетот за туризам и бизнис логистика, д-р Нако Ташков ги има издадено следниве учебници, скрипти и практикуми:

**Taskov, Nako** and Vukovik, Nebojsa and Saneva, Dusica (2017) Гастрономија. Goce Delcev University, Stip, Macedonia. ISBN 978-608-244-347-8
http://eprints.ugd.edu.mk/18763/

Boskov, Tatjana and **Taskov, Nako** (2015) Угостителство-умешност и занимање - практикум. ISBN 978-608-244-187-0.
http://eprints.ugd.edu.mk/15033/

**Taskov, Nako** and Mitreva, Elizabeta (2014) Организациско однесување - учебник. Универзитет „Гоце Делчев", Штип. ISBN 978-608-244-008-8
http://eprints.ugd.edu.mk/9786/

**Taskov, Nako** and Kuzelov, Aco (2014) Познавање на стоката. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-244-107-8
http://eprints.ugd.edu.mk/11484/

**Taskov, Nako** and Boskov, Tatjana (2014) Практикум по девизно работење. ISBN 978-608-244-117-7.
http://eprints.ugd.edu.mk/12264/

**Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan (2014) Термален туризам - учебник. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-142-9.
http://eprints.ugd.edu.mk/12897/

**Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan (2013) Практикум по хотелиерство. ISBN 978-608-4708-74-2. http://eprints.ugd.edu.mk/8640/

**Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola and Metodijeski, Dejan (2013) Пракса во хотелско-угостителски објекти. ISBN 978-608-4708-73-5.
http://eprints.ugd.edu.mk/8641/

Кандидатот д-р Нако Ташков има плодна научноистражувачка работа. Во однос на неговиот ангажман има преземено активно учество во планирање, утврдување и развој на високообразовната дејност. Исто така, во однос на неговиот ангажман, кандидатот е член во комисија за одбрана на дипломска работа (над 150) и ментор за изработка на тема за дипломски труд (над 50). Д-р Ташков, исто така, е ментор на успешно одбранети магистерски трудови на тројца кандидати и член на комисија за одбрана на магистерски труд на четворица кандидати на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Член е на комисија за одбрана на докторски труд на двајца кандидати на Економскиот институт, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје.

Кандидатот е член на девет рецензентски комисии формирани на Факултетот за туризам и бизнис логистика за поднесување на реферат за избор во соработнички, наставни и насловни звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип: насловен доцент д-р Небојша Вуковиќ (Универзитетски билтен бр.95 од јануари 2013 г.), доцент д-р Александра Жежова (Универзитетски билтен бр.114 од декември 2013 г.), доцент д-р Тања Ангелкова-Петкова (Универзитетски билтен бр.123 од април 2014 г.), асистент м-р Анета Стојановска-Стефанова (Универзитетски билтен бр.123 од април 2014 г.), асистент-докторанд м-р Кристина Ковачевиќ (Универзитетски билтен бр.133 од октомври 2014 г.), асистент-докторанд м-р Наташа Митева (Универзитетски билтен бр.133 од октомври 2014 г.), асистент-докторанд м-р Душица Санева (Универзитетски билтен бр.133 од октомври 2014 г.), доцент д-р Зоран Темелков (Универзитетски билтен бр.137 од декември 2014 г.) и вонреден професор д-р Дејан Методијески (Универзитетски билтен бр.191 од јуни 2017 г.).

Покрај овие активности, кандидатот е рецезент на седум ракописи за потребите на наставата: „Економика на угостителство и туризам - скрипта“ и „Економика на угостителство и туризам - практикум“ од автор д-р Билјана Петревска (Универзитетски билтен бр.119 од март 2014 г.), „Туристички дестинации - скрипта“, од автортите д-р Никола Димитров и д-р Тања Ангелкова-Петкова (Универзитетски билтен бр.122 од април 2014 г.), „Информатички системи во угостителството и туризмот - скрипта“, „Информатички системи во угостителството и туризмот - практикум“ од авторите д-р Дејан Методијески, д-р Тања Ангелкова Петкова и д-р Никола Цуцулески (Универзитетски билтен бр.175 од септември 2016 г.) и „Истражување на туристичкиот пазар - скрипта“, „Истражување на туристичкиот пазар - практикум“ од авторите д-р Тања Ангелкова-Петкова, д-р Дејан Методијески и д-р Никола Цуцулески (Универзитетски билтен бр.175 од септември 2016 г.). Имено, кандидатот со своите горенаведени активности покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност.

Вонреден професор д-р Нако Ташков е учесник во повеќе проекти, од кои неколку универзитетски научноистражувачки проекти под наслов: „Емпириско истражување за вреднување и одржливост на туристичко-гастрономските специфичности на Брегалничкиот регион“, „Историско-географски пресек на туризмот и угостителството во Република Македонија“ и „Модел за подобрување на перформансите во хотелската индустрија и туризмот во Македонија“. Исто така, учесник е во проектот „Тур ретур“ за обука на туристички водичи, туристички придружници и раководител на туристичка агенција во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Учествува во четири проекти во земјава: „Економска импакт анализа на туризмот во Република Македонија“, Министерство за економија; „Лесновска селска фурна“, Здружение за одржлив рурален развој на Лесново и Осоговскиот регион „Илински Врв“ Лесново; „Евиденција на сите туристички потенцијали во регионите на Република Македонија“, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија и „Развој на манастирскиот туризам во Република Македонија“, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија. Раководител е на еден национален проект насловен како „Обележување на препознатливи производи, локалитети, објекти, настани од значење за туризмот во Република Македонија“, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија.

Покрај проектите во земјава, кандидатот зема учество и во четири проекти во странство: „Congressional Network and Centre for Vocational and Technical Skills“, проект од загранична соработка помеѓу Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и Американскиот

универзитет во Благоевград, Бугарија и „Shaping the future education in tourism“, Еразмус проект на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и универзитетите од Солун, Шибеник и Бургас; „Developing a model for performance improvement of business processes by an application of benchmarking strategy based upon examples of innovation“ и „The influence of extracts on the durability of different ground meats and sausages“.

Во периодот од 2008 до 2013 година – за избор во вонреден професор, кандидатот д-р Ташков има објавено 36 труда, реферат за избор во доцент објавен во Билтен на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, бр. 104, од 17 јуни 2013 година.

Во периодот 2013-2018 година за кој се изготвува овој реферат, кандидатот има публикувано 95 труда во меѓународни списанија, зборници на научни и стручни трудови од конференции во земјава и во странство, како и научни и стручни книги и учебни помагала. Трудовите на кои е направена научната евалуација подолу се уредно прикачени на платформата на електорнскиот академски репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“, - Штип и може да се пронајдат на следниот линк http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Taskov=3ANako=3A=3A.html .

***Објавени научни и стручни трудови во последните пет години***
***Трудови објавени во научно списание со импакт фактор:***

Mitreva, E., **Taskov, N.,** Krivokapić, Z. and Jovanovic, J. (2017) The key to Macedonian competitiveness success. Quality - Access to Success, 18 (161). pp. 59-63. ISSN 1582-2559. (SCOPUS, SJR = 0.25), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). http://eprints.ugd.edu.mk/18589/.

*Стандардизацијата во менаџмент системот станува клучна задача на менаџерите и приоритетно прашање за опстанок на компаниите во 21 век. Современите пазарни услови наметнуваат покрај исполнување на желбите и потребите на купувачите и анализа на позицијата на конкурентите и нивната стратегија. Истражувањето во овој труд се направи како обид да се согледа постојната состојба во македонските компании во доменот на нивната конкурентност на домашниот и глобален пазар. Податоците добиени од истражувањето ја покажаа македонската реалност во светот на бизнисот. Анализата на податоците, како и принципите и стратегиите кои произлегоа од ова истражување помогнаа и да дадоа корисни насоки во изработката на интегрална методологија за проектирање и имплементација на TQM (Total Quality Management) системот, која може да се имплементира во македонските компании со цел да се зголеми нивната конкурентност.*

Mitreva, E., **Taskov, N.,** Krivokapić, Z. and Jovanovic, J. (2017). Managing Employees in Macedonian Companies. Tem Journal, 6 (4). pp. 792-799. ISSN 2217-8309. (SCOPUS), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). DOI: 10.18421/TEM64-19. http://eprints.ugd.edu.mk/18648/.

*Во овој труд се дадени наодите од истражувањата во македонските компании во поглед на менаџментот со вработените, односно како се врши планирање и развој на кадарот како деловен ресурс спрема критериумите за добивање Европска награда за квалитет. Резултатите од истражувањето треба да дадат корисни насоки кои треба да ги усвојат македонските компании за унапредување на производите/ услугите, а пред се на унапредување на деловните процеси и деловната култура. Решението е најдено во унапредување на менаџмент системот преку нова TQM стратегија, развој на кадрите и тимско работење, како и унапредување на процесите и тоа далеку порано, пред купување на нова технологија.*

Mitreva, E., **Taskov, N.,** Srebrenkoska, V. Filiposki, O., Lazarevski, I. and Jovanovic-Malinovska, R. (2017) Application of methods and techniques for quality in the Macedonian companies. Quality - Access to Success, 18 (160). pp. 73-78. ISSN 1582-2559. (SCOPUS, SJR = 0.25), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). http://eprints.ugd.edu.mk/18277/.

*Истражувањето во овој труд се направи со цел да се согледа постојната состојба во македонските компании во доменот на примената на методите и техниките на квалитет во управувањето со деловните процеси. Обезбедувањето квалитет во компаниите е сврзано не само со работа на луѓето, туку и со машините, технологијата на производните процеси и др., па затоа е неопходна контрола со која ќе се оценува стабилноста и способноста на деловните процеси. Но контролата сама по себе не е доволна, бидејќи е потребно постојано да се подобруваат процесите со редуцирање на варијациите. Податоците добиени од истражувањето помогнаа и да дадоа корисни насоки во изработка на методологија за потсистемот - статистичка процесна контрола. Оваа методологија треба да помогне во подобрување на перформансите на деловните процеси, во дефинирање на мерките за остварување на одржливите деловни системи, како и во поттик на иновативноста.*

Mitreva, E., and **Taskov, N.** and Gjorshevski, H. (2017) High performance management practices and sustainability outcomes within higher education institutions. The European Proceedings of Social & Behavioural Sciences EpSBS, 23. pp. 227-240. ISSN 2357-1330.), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index).

http://dx.doi.org/10.15405/epsbs.2017.05.02.30. http://eprints.ugd.edu.mk/17954/.

*Овој труд нуди компаративен преглед на состојбите во приватното и јавното високо образование во Република Македонија преку анализа на субјективни и објективни индикатори врз основа на кои се прави споредба помеѓу двата типа на високообразовни институции. Инструментите кои се користени при компаративната анализа се субјективни и објективни индикатори, статистички показатели, примена на SWOT методата за компаративна анализа помеѓу единиците, како и користење на разни методи и техники за подобрување на квалитетот на високото образование. Оваа компаративна анализа отвора прашања и нуди препораки за потенцијалното подобрување на квалитетот на работата на овие институции. Намерата е да се поттикне континуирана компаративна евалуација и предлагање практики за континуиран развој и раст на квалитетот во високото образование во Република Македонија.*

Mitreva, E., and **Taskov, N.** and Filiposki, O. and Lazarevski, I. and Gjorshevski, H. (2017) The Success of Projecting and Implementing Quality System in the Macedonian Companies. TEM Journal, 6 (2). pp. 372-379. ISSN 2217-8309. DOI: 10.18421/TEM62-24, May 2017. (SCOPUS), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index), DOI: 10.18421/TEM62-24. http://eprints.ugd.edu.mk/17955/.

*Истражувањето во овој труд се направи како обид да се согледа постојната состојба во македонските компании во доменот на проектирањето, имплементацијата и сертификацијата на системот за квалитет. Податоците добиени од истражувањето ги обединија искуствата и реалноста на значаен број сертифицирани организациски системи во Македонија. Анализата на податоците, како и принципите и стратегиите кои произлегоа од ова истражување помогнаа и да дадоа корисни насоки во изработката на модел за подобрување на организациските перформанси, во дефинирање на мерките за остварување на одржливите деловни системи, во поттик на иновативноста, во давање придонес на јакнење на врските помеѓу компаниите, научноистражувачката работа и иновациите.*

Mitreva, E., and **Taskov, N**.and Filiposki, O. and Lazarevski, I. and Srebrenkoska, V. and Gjorshevski, H. (2017) Measuring the Business Results in the Macedonian Companies. TEM Journal, 6 (3). pp. 558-566. ISSN 2217-8309 / 2217-8333. (SCOPUS), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index), DOI: 10.18421/TEM63-17. http://eprints.ugd.edu.mk/18129/.

*Главна цел на трудот е да даде придонес во развојот на современите научни пристапи, како и нивна примена во конкретни деловни средини врз основа на истражувањата во македонските компании во доменот на мерењето на деловните резултати во управувањето со деловните процеси. Податоците добиени од истражувањето помогнаа и да дадоа корисни насоки во изработката на методологија за оценување на успехот од проектираниот и имплементиран систем по TQM (Total Quality Management). На ваков*

*начин се настојува да се влијае на подобрување на перформансите на деловните процеси во македонските компании, посебно во делот на поттик и развој на иновативноста и претприемништвото како во компании кои имаат сертифицирано системи за квалитет, така и во оние кои тоа сѐ уште го немаат направено.*

Mitreva, E., and **Taskov, N.** and Srebrenkoska, V. and Filiposki, O. and Lazarevski, I. and Jovanovic-Malinovska, R. (2017) Analysis of the current conditions in the Macedonian companies concerning the quality of products, services and processes. Quality - Access to Success, 18 (156). pp. 65-72. ISSN 1582-2559. (SCOPUS, SJR = 0.25), Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). http://eprints.ugd.edu.mk/17135/.

*Истражувањето во овој труд се направи како обид да се согледа постојната состојба во македонските компании во доменот на проектирањето, имплементацијата и сертификацијата на системот за квалитет. Податоците добиени од истражувањето ги обединија искуствата и реалноста на значаен број сертифицирани организациски системи во Македонија. Анализата на податоците, како и принципите и стратегиите кои произлегоа од ова истражување помогнаа и да дадоа корисни насоки во изработката на модел за подобрување на организациските перформанси, во дефинирање на мерките за остварување на одржливите деловни системи, во поттик на иновативноста, во давање придонес на јакнење на врските помеѓу компаниите, научно истражувачката работа и иновациите.*

Kuzelov, A., and Andronikov, D. and **Taskov, N.** and Sofijanova, E. and Saneva, D. (2017) Oxidative stability effect of basil, garlic and muscat blossom extracts on lipids and microbiology of minced meat. Comptes rendus de l'Académie bulgare des Sciences, 70 (9). pp. 1227-1236. ISSN 1310-1331. (SCOPUS). http://eprints.ugd.edu.mk/18458/.

*Во овој труд се дадени резултатите од тестовите на антиоксидантната активност, масни киселини и микробиолошки состав на трите различни екстракти (босилек, лук и мускат) и нивниот ефект на 1, 3 и 5 ден на складирано свинско мелено месо на -1 С. Проучени се промените на секундарните производи на липидна оксидација, нивото на киселини, бројот на пероксиди, вкупниот број на бактерии и присуството на Proteus, Clostridii, Escherichia coli, Salmonela, Listeria monocitogenes, како и сензорни особини на бојата на површината на бојата и мирис. На мелено месо во кое се аплицираше 0,3 g / kg лук екстракт во споредба со групите на кои се додава екстракт од босилек имаа подобар микробиолошки статус и пониски оксидативни промени. Заситените масни киселини во сите тестирани групи мелено месо се движат од 38,011% до 43,009%, полинезаситените масни киселини од 7,375% до 14,775% и мононезаситените масни киселини од 46,589% до 50,054% од вкупната количина на масни киселини. Во смисла на сензорната карактеристика, мирисот IV (на кој се нанесува 0,3 g / kg екстракт на босилек) постигнува нешто подобро во однос на групата IV (во кој се аплицираше екстракт од лук од 0,3 g / kg)*

Mitreva, E., and Angelovski, G. and Filiposki, O.and **Taskov, N.** and Gjorshevski, H. (2016) Optimization of Business processes in Airport Services Company in Macedonia using the TQM Philosophy. TEM Journal, 5 (4). pp. 507-514. ISSN 2217-8309 / 2217-8333 (Online). Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). DOI: 10.18421/TEM54-15. http://eprints.ugd.edu.mk/16762/

*Во овој труд се направи целосна дијагноза на некои деловни процеси во компанијата за аеродромски услуги во Македонија. Се примени предлог- методологијата на TQM (Total Quality Management) системот во компанијата, посебно во секторот за одмрзнување и заштита од замрзнување на воздухопловите и со имплементација на истата се најде оптималното решение за непречено одвивање на аеродромскиот сообраќај. На ваков начин дојде до промена на компаниската парадигма – да не се работи напорно туку паметно, со постојано унапредување на процесите, а притоа водејќи сметка за потребите и желбите на клиентите и профитот. Во трудот се применија и некои други методи на техники како: Парето дијаграм, Ишикава пристап, Чек листа, Карта на тренд, со цел да се утврдат проблемите и да се пронајде оптимално решение.*

Mitreva, E., Cvetkovik, D., Filiposki, O. and **Taskov, N.** and Gjorshevski, H. (2016) The Effects of Total Quality Management Practices on Performance within a Company for Frozen Food in the Republic of Macedonia. Tem Journal, 5 (3). pp. 339-346. ISSN 2217-8309 (Print). Thomson Reuters Impact Factor* (Emerging Sources Citation Index). DOI: 10.18421/TEM53-14. http://eprints.ugd.edu.mk/16761/.

*Предмет на овој труд е проектирањето и имплементацијата на филозофијата на тоталниот менаџмент на квалитет (TQM) во компанија за замрзната храна која врши преработка, производство, дистрибуција и продажба на производи од полжав, исклучиво за извоз. Со анализа на деловните процеси во компанијата за преработка на полжави и со примена на методологијата на TQM системот ги подобривме перформансите на истата. Резултатите од ова истражување покажаа дека примената на тоталниот менаџмент на квалитет во оваа компанија не само што доведе до унапредување на квалитетот на производите од полжави, туку и зголемување на продуктивноста и оптимизација на трошоците на квалитет. Во иднина, имплементацијата на оваа методологија во компанијата ќе овозможи не само задоволство на корисниците на производите од полжави, туку и задоволство на добавувачите, вработените и заедницата.*

Mitreva, E., **Taskov, N.,** Sazdova, J., and Gjorshevski, H. (2015). The need to improve the educational process in high education institutions in the Republic of Macedonia by applying management methods and techniques. TTEM, 10 (4). pp. 467-475. ISSN 1840-1503. (SCOPUS, SJR = 0.11) http://eprints.ugd.edu.mk/14833/

*Овој труд е фокусиран на практичното објаснување на импликациите од воведувањето на принципите на Болоњската декларација во високото образование во Република Македонија како компаративна анализа помеѓу квалитетот на работата на државните и приватните високообразовни институции во земјата. Овој проблем беше анализиран од два аспекти: теориски и практичен, со анализа на ставовите на дел од студентите и наставниот кадар. Целта на овој труд е детектирање на некои суштински промени во рамките на образованието иницирани од навидум „површната“ Болоњска реформа. Во овој труд се изложени пристапите кои настануваат како резултат на „поглед одвнатре“, односно да се разгледува академската средина како една релативно автономна целина. Анализата не ги исцрпува елементите за споредба, туку отвора прашања и нуди препораки кои се очекува да бидат дополнително обработени. Намерата е да предизвика поттик за понатамошна континуирана евалуација со цел подобрување на квалитетот на високото образование во Република Македонија.*

Mitreva, E., **Taskov, N.,** Sazdova, J., Gjeorgieva, I. and Gjorshevski, H. (2015). The Need for Implementation of Integrated Management Systems (IMS) in Macedonian Companies. *Calitatea - acces la succes (Quality - Access to Success),* 16 (147). pp. 62-65. ISSN 1582-2559. (SCOPUS, SJR = 0.22) http://eprints.ugd.edu.mk/13691/

Во овој труд се направи анализа на состојбата на македонските компании во поглед на имплементацијата и сертификацијата на системот за квалитет како и примената на различните стандарди на системот. *Примената и сертификацијата на различните стандарди/системи: на квалитет, животна средина, здравје и безбедност на вработените, социјалната одговорност на корпорацијата, безбедноста на прехранбените производи и др. бара нов проактивен менаџерски стил и системска ориентација, како и реинженеринг на деловните процеси. Во овој труд, врз основа на резултатите од истражувањето, се дава предлог-интегрална методологија која ќе им помогне на македонските менаџери во проектирањето и имплементацијата на интегрираните менаџмент системи.*

Mitreva, E., **Taskov, N.** and Angeleski, M. (2015). Approaches for the Advancement of Business Processes in a Company that Deals with Graphic Production. *Actual Problems of Economics,* 6 (168). pp. 190-201. ISSN 1993-6788. (SCOPUS, SJR = 0.18) http://eprints.ugd.edu.mk/13698/

*Цел на истражувањето во овој труд е утврдување на постојните деловни процеси во компанија која се занимава со графичка дејност со можност за нивно унапредување со примена на методологијата на TQM (Total Quality Management) што е тесно поврзана со финансиското работење на компанијата на задоволство на сите заинтересирани страни. При истражувањето се откриени неколку главни причини коишто ги*

*предизвикуваат проблемите во печатницата, а барањето на топ менаџментот за унапредување на процесите и инволвирање на компетентни лица во истите е од големо значење на патот оваа печатница да стане компанија од светска класа. Во текот на истражувањето кое беше составен дел од методологијата на TQM се применети неколку менаџерски методи: Парето дијаграм, Ишикава пристап и Бенчмаркинг стратегијата. Анализата на моменталната состојба овозможи давање предлози за унапредување т.е. подобрување на истите преку примена на TQM методологијата.*

**Taskov, N.** and Mitreva, E. (2015). Total Dedication of the Top Management within the Macedonian Higher Education Institutions. *In: The 6th International Conference Edu World 2014 "Education Facing Contemporary World Issues*", 7 -9 Nov 2014, University of Pitesti, Romania. *Procedia - Social and Behavioral Sciences*, 180(5), May 2015, Pages 219–226. ISSN: 18770428 (SCOPUS, SJR = 0.16). http://eprints.ugd.edu.mk/13192/

*Во овој труд е дадена интегрална методологија за проектирање на TQM (Total Quality Management) систем во високообразовните институции и негова имплементација во практиката на високото образование, како и активностите што треба да се преземат за градење систем за обезбедување квалитет. Новата TQM стратегија кон квалитетот (Total Quality Management) бара нови активности на полето на образованието на академскиот кадар, воведување стандардизација на сите процеси, воведување статистичка процесна контрола заради обезбедување квалитет, нов пристап во анализата на трошоците. Сето ова бара еден научен, методолошки, плански пристап, упорност и систематичност. Истовремено, тоа значи драстична промена во однесувањето на академски кадар, радикални промени во организациската поставеност, јасно дефинирање на правата, обврските и одговорноста на секој поединец.*

**Taskov, N**. and Mitreva, E. (2015). The motivation and the efficient communication both, are the essential pillar within the building of the TQM (Total Quality Management) system within the Macedonian higher education institutions. *In: The 6th International Conference Edu World 2014 "Education Facing Contemporary World Issues"*, 7-9 Nov 2014, University of Pitesti, Romania. *Procedia - Social and Behavioral Sciences,* 180(5), May 2015, Pages 227–234. (SCOPUS, SJR = 0.16). http://eprints.ugd.edu.mk/13193/

*Во овој труд се предлага нова методологија за градење менаџерски тимови во дизајнирањето и имплементирањето на TQM системот во рамките на македонските високообразовни институции со сите предности и недостатоци, како и негова примена во практиката. Правилата на тимска работа во врска со почитувањето на личноста, карактерот, искуството и знаењето на сите вработени ќе доведе до опуштена атмосфера, конструктивен дијалог, позитивни тензии и креативен ентузијазам. Примената на оваа методологија во секој сегмент од работењето во рамките на високообразовните институции ќе обезбеди нов пристап до квалитетно високо образование, со што ќе се создаде можност да се воведат многу нови пристапи кои не се воведени досега.*

**Taskov, N.,** Mitreva, E., Sazdova, J., Barishic, D. and Metodijeski, D. (2014). Preparatory activities for the successful implementation of the methodology for after sales support to customers in the TQM system. Technics Technologies Education Management, 9 (4). pp. 751-757. ISSN 1840-1503. (SCOPUS, SJR = 0.11) http://eprints.ugd.edu.mk/11803/

*Целта на овој труд е да се постави добра основа за македонските компании кои во своите активности имаат постпродажен период на производот за да ја разберат филозофијата на TQM (Total Quality Management), придобивките кои ќе се постигнат со имплементацијата на системот и зацртаните стратегиски насоки за успешност. Овие активности започнуваат од идентификација на желбите и потребите на купувачите / корисниците, реинженеринг на деловните процеси за постпродажна поддршка, мерење на задоволството на вработените и сите заинтересирани страни. Како резултат на имплементацијата на оваа методологија во практика дојде до унапредување на конкурентноста, зголемување на ефикасноста во работењето, смалување на трошоците за обезбедување квалитет и зголемување на продуктивноста. Методологијата која се предлага во овој труд ги обединува сите активности во спиралата на квалитет на една компанија која се занимава со постпродажна поддршка. Заради неопходност од проток*

*на информации за квалитет во целото претпријатие е проектиран информатички систем според QC-CE - Pyramide модел во повеќе чекори.*

Mitreva, E., **Taskov, N.** and Crnkovic, S. (2014). Application of methodology for business process improvement in specialized diagnostic laboratory. Quality - Access to Success, 15 (141). pp. 91-95. ISSN 1582-2559. ISSN: 18770428 (SCOPUS, SJR = 0.22). http://eprints.ugd.edu.mk/10534/

*Цел на истражувањето во овој труд е утврдување на постојните деловни процеси во специјалистичко дијагностичката лабораторија за ХПВ (Human Papilloma Virus) анализа при Клиниката за гинекологија - Скопје, Македонија со можност за нивно унапредување со примена на методологијата на TQM (Total Quality Management). Унапредување на деловните процеси со примена на методологијата на TQM би значело следење, контрола и задолжително вакцинирање против HPV инфекции на младата популација, како и нивно советување за сексуално преносливи болести и нивна превенција. На ваков начин оваа лабораторија треба да стане референтна за споредување на резултатите со другите лаборатории од регионот и светот.*

***Трудови објавени во меѓународни списанија:***

Mitreva, E., Filiposki, O., **Taskov, N.,** Krivokapić, Z. and Jovanovic, J. (2017). Motivation: A significant factor for quality assurance in Macedonian companies. International Society for Development and Sustainability (ISDS), 6 (9). pp. 1170-1183. ISSN 2186-8662. ID: IJDS 1708120 http://eprints.ugd.edu.mk/18402/

*Истражувањето во овој труд се направи со цел да се согледа постојната состојба во македонските компании во доменот на проектирањето систем на мотивација на вработените и дали менаџментот успева да ги усогласи нивните очекувања со резултатите на организацијата. Податоците добиени од истражувањето помогнаа и да дадоа корисни насоки во изработката на методологија за потсистемот – мотивација на вработените како суштински столб во градењето систем за обезбедување на квалитет.*

Mitreva, E., Stojanovski, G., **Taskov, N.,** Metodijeski, D. and Gjorshevski, H. (2017). The need for local government reform in the Republic of Macedonia. International Journal of Information, Business and Management, 9 (2). pp. 92-97. ISSN 2076-9202. (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO). http://eprints.ugd.edu.mk/17134/ (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO)

*Во овој труд се анализира управувањето со локалната самоуправа во неколку општини во земјата во однос на управувањето со општинската сопственост; просторното и урбаното управување, организацијата и работата на општината; меѓуопштинската соработка во врска со функционирањето на заедничката администрација и заедничкото финансирање и целиот процес на пренос на средства од централниот буџет на локалната самоуправа. Резултатите од истражувањето треба да ја одразуваат работата и перформансите на македонските општини по процесот на децентрализација во Македонија. За да го сторат тоа, конвенционалните деловни концепти за квалитет кои ги сметаат јавните услуги како даватели на услуги и граѓаните како потрошувачи мора да бидат збогатени со концептот за квалитет на TQM (Total Quality Management) кој ги перцепира јавните агенции како катализатори на граѓанското општество и граѓаните, како дел на одговорно и активно граѓанско општество.*

Mitreva, E., Filiposki, O., **Taskov, N.** (2017). The Need for Employee Education and Training in Macedonian Companies. International Journal of Management Excellence, 9 (1). pp. 1033-1039. ISSN 2292-1648. http://dx.doi.org/10.17722/ijme.v9i1.337. http://eprints.ugd.edu.mk/18060/

*Во овој труд се дадени резултатите добиени врз основа на истражување во македонските компании во однос на тоа дали учат и колку врвниот менаџмент е подготвен за учење и таа потреба ја пренесува на вработените, што претставува основа за постојано унапредување на квалитетот и дали се подготвени да ја прифатат TQM филозофијата. Резултатите од истражувањето дадоа насоки во проектирањето методологија за образование како дел од интегралната методологија за проектирање и имплементација на TQM во компании која треба да им помогне на компаниите во зголемување на квалитетот на работата и на нивните деловни резултати.*

Metodijeski, D., Mitreva, E., **Taskov, N.** and Filiposki, O. (2017). Public-Public Partnership and Tourism Development Strategy: The Case of Municipality of Gazi Baba in Macedonia. International Journal of Social, Behavioral, Educational, Economic, Business and Industrial Engineering, 11 (4). pp. 846-850. ISSN 2010-376X. http://eprints.ugd.edu.mk/17981/.

*Стратегиите за развој на туризмот се важна алка во туристичката политика и се изработуваат за неговото подобро управување. Јавно-јавно партнерство е партнерство меѓу две или повеќе државни институции или државни институции со невладини организации, со цел размена на услуги, технички вештини или користење на простори и објекти. Во овој труд, прикажана е ваква соработка помеѓу две државни институции во Македонија, Општина Гази Баба од една страна и Универзитетот „Гоце Делчев" од друга страна. Главниот двигател на оваа соработка е изработката на стратегија за развој на туризмот на општината од страна на Универзитетот, а од друга страна целосно хортикултурно и урбано уредување на објектот и дворот на Универзитетот од страна на општината. Во трудот се презентирани причините и анализирани се процедурите по кои е направена соработката и методологијата на изработката на стратегијата за развој на туризмот. За оформување на трудот консултирана е релевантна литература поврзана со јавно-јавното партнерство и стратегиите за развој на туризмот. Финалните резултати и придобивки од соработката се презентирани табеларно и со фотографии.*

Mitreva, E., Nikolov, E., Nikolova, B., **Taskov, N.** and Dimitrov, N. (2016). Methodology for Optimizations of Business Processes in Macedonian Railways - Transport in the Republic of Macedonia. Mediterranean Journal of Social Sciences, 7 (3). pp. 394-402. ISSN 2039-2117(Online). DOI: 10.5901/mjss.2016.v7n3s1p394. http://eprints.ugd.edu.mk/15804/

*Во железничкиот сообраќај е неопходно да се почитуваат железничките стандарди, стандардите за производство, монтажа, сервис и безбедност на транспорт на луѓе и добра. За остварување на поставените цели се бара и соодветна контрола. Можностите што ги даваат ISO 9000 стандардите ни овозможуваат дефинирање и активирање на контролните пунктови, со што ќе се спречат дефекти, рекламации, застои. Но, добар систем за квалитет не значи само систем со кој ќе се обезбеди проектираниот квалитет, туку управување и оптимизирање на процесите. За таа цел, при проектирањето на стандардните оперативни процедури, се примени соодветна методологија за методите и техниките за бездефектно производство и методологија за оптимизирање на трошоците. Методологијата за менаџмент на квалитет ја применивме во процесите во одделението за приходи преку методологиите на Quick Response Quick Control; 8D (осум дисциплини) и PFMEA методата. Од резултатите кои се добиени се дојде до сознание дека со имплементација на овие методологии за оптимизација на деловните процеси може да се постигне дефинираниот квалитет и подобра продуктивност при најмали трошоци во работењето.*

Mitreva, E., **Taskov, N.,** Petkov M. and Gjorshevski, H. (2016). Measuring the quality of the high education in the Republic of Macedonia. IIASS - Innovative Issues and Approaches in Social Sciences, 9 (1). pp. 163-180. ISSN 1855-0541. DOI:http://dx.doi.org/10.12959/issn.1855-0541.IIASS-2016-no1-art09. http://eprints.ugd.edu.mk/15232/

*Овој труд е фокусиран на практичното објаснување на импликациите од воведувањето на принципите од Болоњската декларација во високото образование во Република Македонија, како компаративна анализа помеѓу квалитетот во работата на државните и приватните високообразовни институции во земјата. Овој проблем беше анализиран од два аспекти: теориски и практичен, со анализа на ставовите на дел од студентите и наставничкиот кадар. Целта на овој труд е детектирање на некои суштински промени во рамките на образованието иницирани од навидум „површната“ Болоњска реформа. Во натамошниот текст ќе бидат изложени пристапите кои настануваат како резултат на „поглед однатре“, односно академската средина да се разгледува како една релативно автономна целина.*

Mitreva, E., **Taskov, N.,** Atanasoski, D., Gjorshevski, H. Sazdova, J. and Gjeorgieva, I. (2016). Integrating supplier satisfaction with customer satisfaction in the projection and implementation of the TQM system in Macedonian companies. *The International Journal of Information, Business and Management (IJIBM*), 8 (2). pp. 25-34. ISSN 2076-9202 (Print), 2218-046X (Online). (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO) http://eprints.ugd.edu.mk/14342/

*Во овој труд е направена анализа на состојбата во 151 македонска компанија во поглед на начинот на кој компанијата раководи ефективно и ефикасно со доставувачите и репроматеријалите и гради деловни односи и врски со купувачите. Анализирајќи ги резултатите од анкетата и сопствените видувања се доаѓа до сознание за потребата на македонските компании за менаџмент со доставувачите поради притисокот на пазарот. За многу компании менаџментот со доставувачите е прв чекор кон TQM (Total Quality Management), бидејќи ќе овозможи надградба на ISO 9001:2008 со TQM стратегијата преку подобрување на квалитетот на организациските процеси во правец не само на дефинирање, подобрување и дизајн на процесот, туку и подобрување на продуктивноста и оптимизирање на трошоците преку квалитетни влезни суровини и градење партнерски односи со доставувачите. Нашите истражувања укажаа на лоша соработка со доставувачите, недостаток од негување деловни односи, недостаток од меѓусебна доверба и почит и сл.*

Mitreva, E., **Taskov, N.** and Sazdova, J. (2015). Full commitment of top management in Macedonian high education institutions. International *Journal of Information, Business and Management,* 7 (4). pp. 170-174. ISSN 2218-046X (Online). (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO) http://eprints.ugd.edu.mk/13694/

*Во овој труд е направена анализа за напорите што ги вложуваат менаџерите во високообразовните институции во поглед на унапредување на деловните процеси и брзата адаптација на надворешните промени како резултат на внатрешните промени во истите. Тоа значи севкупност од мотивациони фактори, како и мерки за поттик и стратегии кои плански и систематски ќе се инкорпорираат во работните и организациските активности, со цел да се мотивираат сите заинтересирани страни.*

Mitreva, E. and **Taskov, N.** (2015). To apply the six sigma method or the new TQM (Total Quality Management) strategy in the Macedonian companies. The *International Journal of Information, Business and Management*, 7 (2). pp. 176-174. ISSN 2218-046X (Online). (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO) http://eprints.ugd.edu.mk/13697/

*Во овој труд се дадени предностите и ограничувањата на шест сигма методологијата, како и новите можности кои ги нуди филозофијата на TQM. Можностите за покреативно работење што го нуди TQM стратегијата, давање стручен придонес, почитување на личното мислење и ставови, чувството на ангажираност во управувањето на претпријатието, заедничкиот дух да се успее, се елементи на тимско работење кои ќе придонесат кон развој на меѓусебната доверба и почит, посветеност, отвореност, трпеливост и лојалност на еден спрема друг и лојалност спрема претпријатието. Успешноста на TQM стратегијата се темели на едноставни методи и техники, додека методологијата на шест сигма бара ригорозна примена на статистичка процесна контрола.*

Mitreva, E., **Taskov, N.** and Lazarovski, Z. (2015). Application of the methodology for improving the business processes for the company for Airport services TAV Airports Holding, Macedonia. *International Journal of Information, Business and Management*, 7 (2). pp. 29-43. ISSN 2076-9202. (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO) http://eprints.ugd.edu.mk/14255/

*Во овој труд се направи целосна дијагноза на некои деловни процеси во компанијата за аеродромски услуги во Македонија. Врз основа на анализите што ги направивме на постојниот систем за квалитет применивме соодветна методологија за секоја функција на TQM (Total Quality Management) системот. Методологијата што ја применивме е постојано подобрување на сите процеси во организација преку мали промени во краток временски период, вклучувајќи ги сите организациски членови, без оглед на нивното хиерархиско ниво и без големи капитални инвестиции. Примената на методите и техниките за бездефектно работење постигна поголема ефикасност и ефективност во компанијата. Придобивките од примената на оваа методологија ќе доведе до задоволување на потребите и желбите на клиентите, зголемување на бројот на патниците, зајакнување на местото и улогата на компанијата во меѓународниот пазар, како и задоволството на вработените и унапредување на заедницата.*

Mitreva, E. and **Taskov, N.** (2015). Self-evaluation as a basic approach in the implementation of TQM strategy within Macedonian companies. *International Journal of Information, Business and Management*, 7 (2). pp. 216-221. ISSN 2076-9202. (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO) http://eprints.ugd.edu.mk/14256/

*Во основа на „куќата на квалитет" во една компанија се мерењето, оценувањето, анализирањето и споредувањето на квалитетот/ неквалитетот. Сите деловни процеси треба да се организирани мерењето да биде основа за оценување на остварениот квалитет и за споредување со она што требало да се направи по планот. Во овој труд е дадена предлог методологија за оценување на успехот од проектираниот и имплементиран систем по TQM (audit) и нејзината примена во некои македонски компании. Успешност од примената на оваа методологија може да се постигне само ако деловните процеси се проектираат и се реализираат со оптимално искористување на ресурсите, со цел работите да се извршат најдобро од прв пат, без дефекти, без загуби на време и на задоволство на сите корисници.*

Kuzelov, A. and Ilieva, V. and **Taskov, N.** and Sofijanova, E. and Andronikov, D. and Saneva, D. and Vasilev, K. (2015) Antioxidative Wirkung von Gewürzextrakten. Journal Fleischwirtschaft (11). pp. 126-130. http://eprints.ugd.edu.mk/14467/

*Во трудот се дадени резултатите од антиоксидативниот ефект на босилек, лук и мускатен цвет врз мастите во полутрајниот народен колбас. Извршено е испитување на пероксидниот број, киселинскиот степен и масно-киселинскиот состав кај колбасите во кои се додавани екстракт од босилек, лук и мускатен цвет во концентрација од 0,1, 0,2 и 0,3 g/kg. Примероците со додаток на 0,3 g/kg екстракт од лук покажаа подобри резултати во процесот на инхибиција на липидната оксидација на мастите присутни во колбасот во споредба со примероците во кој се додавани екстракти од босилек и мускатен цвет.*

Kuzelov, A. and Ilieva, V. and **Taskov, N.** and Saneva, D. (2015) Influence of the sweet red paper extract on the quality and oxidative changes in fats of sausages. Agricultural Science and Technology, 7 (3). pp. 372-378. ISSN 1313-8820. http://eprints.ugd.edu.mk/14470/

*Во трудот е испитувано влијанието на екстракт од блага црвена пиперка врз хемискиот состав, микробиолошкиот статус и сензорните особини на траен колбас тип кулен. За таа цел беа приготвени пет групи колбаси (контролна група јас без додавање на екстракт, група II - 0.1 g/kg, III група - 0,2 g/kg, група IV – 0,3 g/kg и група V - 0,4 g/kg екстракт од слатки пиперки). Од добиените резултати се констатира дека за време на созревање и сушење екстракт од слатки пиперки нема влијание врз pH, хемиски состав и микробиолошки статус на крајниот производ. Групата V - 0,4 g/kg екстракт од слатки пиперка покажа најдобри резултати во однос на оксидативните промени на колбасот. Кај групите IV и V имаше подобра боја на пресек на производот во споредба со другите испитувани групи.*

Andronikov, D. and Kuzelov, A. and **Taskov, N.** and Saneva, D. and Janevski, A. and Mojsov, K. and Sofijanova, E. (2015) Content of nitrites and salt and chemical composition of some meat products. Macedonian Journal of Animal Science, 5 (1). pp. 35-41. ISSN 1857-7709. http://eprints.ugd.edu.mk/13710/

*Во овој труд се испитувани содржината на нитрити и сол и хемискиот состав на обликувани парчиња на месо од врат, плешка, каре и свежа сланина (панцета) и разбирање на однесувањето на потрошувачите на пазарот при изборот на соодветен производ од месо. Најголем раст на инјектирање се наоѓа во свинско каре (20,8%), а најмалку во панцетата (6,46%). Најниско губење на тежината по термичка обработка се наоѓа во панцета (0,77%), додека најголемо губење на тежината има вратот (8%). Содржината на сол во готовите производи од месо се движи од 1,65 и 2,38%, додека содржината на нитрити кои се движат од 14 и 22 (mg/kg). По инјектирање и термички третман содржината на вода и масти се намалила, додека содржината на протеини се зголемила во готовиот производ: врат, плешка и каре. Во готовите производи не е пронајдено бактерии од следниве видови: Clostridium, Staphylococus, Proteus, Escherichia. Вкупниот број на бактерии (Bacillus) покажа намалување по термичката обработка во сите четири категории на месо.*

Kuzelov, A. and Andronikov, D. and **Taskov, N.** and Saneva, D. and Naseva, D. and Sofijanova, E. (2015) Influence of the basil extracts and arillus myristicae on antioxidative changes in semidurable sausages. Macedonian Journal of Animal Science, 5 (1). pp. 31-34. ISSN 1857-7709. http://eprints.ugd.edu.mk/13709/

*Во овој труд авторите презентираат резултати од испитувањата на антиоксидативното дејство на екстракти од босилек и од мускатен цвет, преку испитување на параметрите киселински степен и пероксиден број, врз мастите на народен колбас. По производството колбасот е вакуумиран и чуван на температура од +4°C. Киселинскиот степен и пероксидниот број се испитувани 1, 10, 20, 30, 40 и 50 дена по производството. Резултатите покажуваат дека најдобро антиоксидативно дејство имало кај пробата со додаток на 0,3 g/ kg екстракт од босилек.*

Kuzelov, A. and Andronikov, D. and **Taskov, N.** and Saneva, D. and Sofijanova, E. (2015) Antimicrobiological effect of extracts from spices during production of semidurable national sausages. Macedonian Journal of Animal Science, 5 (1). pp. 25-30. ISSN 1857 – 7709. http://eprints.ugd.edu.mk/13711/

*Во овој труд авторите ги презентираат резултатите од испитувањата на влијанието на различни концентрации на екстракти од босилек и лук во концентрации од 0,1, 0,2 и 0,3 g/kg смеса врз микробиолошката слика на полутраен грубо ситнет барен народен колбас. За таа цел се приготвени по четири проби од кои едната е контролна, без додаток на екстракт, а другите се со додаток на 0,1, 0,2 и 0,3 g екстракт од босилек и екстракт од лук на кг смеса. Испитувано е присуството на: Proteus, E. coli, Clostridia, Salmonella, Listeria monocitogenes и вкупен број бактерии. Добиените резултати укажуваат дека кај сите испитувани колбаси со додаток на екстракт од босилек и лук од почетокот до крајот на испитувањето не е утврдено присуството на горенаведените бактерии, утврден е само вкупен број на бактерии – бацили. За време на чувањето на колбасите бројот на бактериите кај контролните проби бил поголем во споредба со опитните проби. Кај пробата со додаток на 0,3 g/kg екстракт од лук на кг смеса било утврдено присуство на најмал број на бактерии во споредба со екстрактот од босилек. Подобар вкус и мирис имале пробите со додаток на 0,3 g/kg екстракт од босилек во споредба со другите испитувани проби.*

Mitreva, E., **Taskov, N.** and Pop Metodieva, B. (2014). Basis for the design and implementation of the quality system in Cad - Cam textile production. *International Journal of Information, Business and Management*, 6 (4). pp. 42-51. ISSN 2218-046X. (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO) http://eprints.ugd.edu.mk/10907/

*Во овој труд е елаборирана и потврдена потребата од проектирање и имплементација на систем за тотален менаџмент на квалитет во Текстилно-логистички центар, што се занимава со услужна дејност во текстилната индустрија во Македонија. Врз основа на анализите што ги направивме на постоечкиот систем за квалитет е проектирана*

*соодветна методологија за секоја функција на TQM филозофијата. За проектирање на систем за квалитет го применивме моделот QC-CE-Pyramid според кој, системот треба да се остварува преку Деминговиот круг (PDCA), како и Ишикава пристапот односно кој, што, кога, каде, кому одговара во пирамидалната хиерархија на претпријатието. Преку QC-CE моделот за квалитет се дефинираа обврските и одговорностите на сите вработени. На тој начин се создадоа правила на однесување и се постигнаа добри меѓучовечки односи.*

Mitreva, E., **Taskov, N.** and Stojanov, B. (2014). Local government management in the Republic of Macedonia. *International Journal of Economics, Commerce and Management*, 2 (3). pp. 1-14. ISSN 2348 0386. (SJIF: 3.357) http://eprints.ugd.edu.mk/9573/

*Во овој труд се направи анализа на менаџментот на локалната самоуправа во неколку општини во Република Македонија од аспект на управување со општинскиот имот; просторното и урбанистично управување; организацијата и работата на органите на општината; меѓуопштинската соработка од аспект на функционирање на заедничка администрација и заедничкото финансирање, како и целокупниот процес на трансфер на средствата од централниот буџет до локалната самоуправа. Посебен акцент е ставен на дотациите кои влијаат на развојот и просперитетот на локалната самоуправа. Резултатите од трудот треба да го отсликаат работењето и ефикасноста на македонските општини после процесот на децентрализација во Република Македонија.*

Mitreva, E., **Taskov, N.** and Barishic, D. (2014). Post-Sale Customer Support Methodology in the TQM System. *Iliria International Review* – 2014/1, 1 (27). pp. 74-86. ISSN 2192-7081. (EBSCO) http://eprints.ugd.edu.mk/10340/

*Во овој труд се направи истражување на активностите во постпродажниот период на производот, а врз основа на анализата на резултатите се креира методологија со која менаџерите би можеле да го проектираат и имплементираат системот на тотален менаџмент на квалитет. Имплементацијата на оваа методологија се одвива на поедноставен начин и за пократко време, без да се проучуваат и продлабочуваат новите знаења за интерната стандардизација, статистичката процесна контрола, анализата на трошоците и оптимизацијата на деловните процеси.*

Mitreva, E. and **Taskov, N.** (2014). Projection and Implementation of Total Quality Management Systems within the Textile Production. *Business Systems & Economics,* 4 (1). pp. 20-29. ISSN 2029-8234. (EBSCO) http://eprints.ugd.edu.mk/9829/

*Во овој труд се примени интегралната методологија за проектирање и имплементација на тоталниот менаџмент на квалитет во текстилна компанија преку кој се дефинираат обврските и одговорностите на сите вработени. Преку овој модел се стандардизираа сите деловни процеси во претпријатието преку стандардни оперативни процедури во облик на тековни карти. Така, обезбедувањето на квалитетот во претпријатието, е проследено со текот на информациите согласно стандардните оперативни процедури. Кругот се затвора со коригирање, а притоа се дава одговор на прашањата: што, кој, каде, кога, кому дава информација со комплетна придружна документација во која е прецизиран квалитетот, обврските и одговорностите. Во компанијата се применија дел од методите и техниките за бездефектно работење како: контролните карти, картите на тренд, Парето пристапот и Ишикава методата во некои од деловните процеси. Анализите од примената на стратегијата на TQM покажаа дека со имплементација на методологијата за тотален менаџмент на квалитет се зголеми ефективноста и ефикасноста на овој центар.*

Mitreva, E. and **Taskov, N.** (2014). Self-evaluation in the implementation of TQM strategy within Macedonian companies. *Upstream Research International Journal*, 2 (1). ISSN 2321 –0567. http://eprints.ugd.edu.mk/9847/

*Самооценувањето, како основен пристап во примената на интегралната методологија за системот по TQM има пресудно значење за правилна примена на истиот. Проверката на системот по TQM мора да биде дел од секојдневната грижа на стратегискиот менаџмент. Таа треба да биде во функција на навремено преземање корективни мерки. Резултатите треба да покажат што постигнала компанијата, а*

*можностите покажуваат како овие резултати се постигнати. Во овој труд е дадена методологија за оценување на успехот од проектираниот и имплементиран систем по TQM (audit). Мониторингот ги опфаќа сите потсистеми од „куќата на квалитетот“ во една компанија, како и по критериумите на Европската фондација за менаџмент на квалитет (EFQM) кои се користат за оценка на прогресот на компаниите во остварување на деловно совршенство.*

Mitreva, E. and **Taskov, N.** (2014). Создание системы обеспечения качества для текстильных компаний Македонии. *Review of Business and Economics Studies*, 2 (2). pp. 75-80. ISSN 2308-944X. http://eprints.ugd.edu.mk/10906/

*Во овој труд се нагласи потребата од проектирање систем на квалитет во македонските текстилни компании, бидејќи според експертски анализи, текстилната индустрија е значаен економски фактор во македонското стопанство, бидејќи 30 отсто од вредноста на целокупниот извоз на Македонија го создава токму оваа индустрија која има свое значење преку фактот дека вработува повеќе од 22.000 луѓе. Конфекциските претпријатија во Македонија претежно се занимаваат со лон производство и основните вредностите за кои се залагаат се брза и квалитетна испорака на нарачките, а притоа водејќи сметка за цената и исполнувањето на барањата на купувачите. Според ова, македонските конфекционери не бараат ништо друго освен ефективност и ефикасност, т.е. брза подготовка и изработка на работниот налог. За реализација на овие активности е неопходно дефинирање на деловните процеси и утврдување на вредностите на параметрите и променливите на системот. Постојната состојба во Текстилно - логистичкиот центар се анализираше преку четирите столбови на куќата на квалитет: интерната стандардизација, методите и техниките за обезбедување квалитет, образованието и мотивацијата и анализа на трошоците на квалитетот. Постојната состојба се анализираше и преку критериумите за добивање на Европската награда за квалитет: лидерство, политика и стратегија, менаџмент со вработени, ресурси, процеси, задоволство на купувачите /корисниците, задоволство на вработените, влијание врз друштвото, деловни резултати. Преку овие критериуми се оценуваше каде се наоѓа оваа компанија кога би се натпреварувала за Европската награда на квалитет.*

Mitreva, E., **Taskov, N.** and Rizovska Jovanovska, S. (2014). The proposed methodologies for the Six Sigma Method and TQM strategy as well as their application in practice in Macedonia. *IIASS - Innovative Issues and Approaches in Social Sciences,* 7 (2). pp. 135-144. ISSN 1855-0541. http://eprints.ugd.edu.mk/10058/

*Во овој труд се дадени методологиите на шест сигма пристапот и TQM стратегијата со сите нивни предности и негативности и нивната примена во македонската практика. Иако филозофијата на тоталниот менаџмент на квалитет (TQM) е длабоко навлезена во многу индустрии и деловни сфери на европските и други земји, таа е недоволно позната и присутна во нашата земја и останатите земји во развој.Додека, филозофијата на шест сигма пристапот е темелена на методологијата на намалување на дисперзијата на процесот и е повеќе присутна во бизнис секторот. Успешноста од примената на TQM стратегијата зависи од ангажираноста на сите вработени и нивната мотивација, додека за примената и ефектите од шест сигма методата се потребни стручни лица, кои дел од платата ја добиваат зависно од успехот на оваа метода.*

Dzamtoska-Zdravkovska, S. and **Taskov, N.** and Ackovska, M. and Petroska Angelovska, N. (2014) E-government information communication system and transparency: an overview of the situation in the Republic of Macedonia. Journal of the Institute of Economics - Skopje (3). pp. 73-87. ISSN 1409-7893, e-ISSN 1857-7741. http://eprints.ugd.edu.mk/11752/

*Современите придобивки кои произлегуваат од воведувањето на најновите технолошки достигнувања во процесот на управување во државата секако се поврзани со воведувањето и принципите на информацискиот систем за е-влада. Република Македонија е земја во развој и се труди да ги достигне модерните трендови и да овозможи поодговорно управување, кое ќе биде во согласност со принципите на добро владеење кои се прифатени и се засноваат на највисокиот конститутивен акт на државата, како и на релевантното законодавство кое ги опфаќа прашањата за добро управување на административните тела. Овој труд дава преглед на спроведувањето на концептот на е-влада во Република Македонија. Главната цел на овој труд е да ги претстави проектите спроведени во рамките на Националната стратегија за е-влада 2010-2012 и нејзините придобивки во однос на подобрување на транспарентноста на владините институции. Врз основа на преглед на законодавството, стратешки владини документи и проекти, може да се заклучи дека спроведувањето на е-влада нуди големи можности за зголемување на нивото на отвореност и транспарентност на владата со цел да се воспостави подобра комуникација и проток на информации.*

Mitreva, E. and **Taskov, N.** (2014). Evaluating the success of the company designing the TQM System. *Journal of Process Management – New Technologies*, International, 2 (5). pp. 44-51. ISSN 2334-7449. (ICV: 4.09) http://eprints.ugd.edu.mk/8721/

*Сите деловни процеси во една компанија треба да се организирани мерењето да биде основа за оценување на остварениот квалитет и за споредување со она што требало да се направи по планот. Во овој труд е дадена предлог методологија за оценување на успехот од проектираниот и имплементиран систем по TQM (audit) и нејзината примена во некои македонски компании. Успешност од примената на оваа методологија може да се постигне само ако деловните процеси се проектираат и се реализираат со оптимално искористување на ресурсите, со цел работите да се извршат најдобро од прв пат, без дефекти, без загуби на време и на задоволство на сите корисници.*

Kuzelov, A. and **Taskov, N.** and Saneva, D. and Savinok, O. (2014) Influence of the lactate on the microbiological and sensory properties in semi-durable sausages. Macedonian Journal of Animal Science, 4 (2). pp. 75-78. ISSN 1857-6907. http://eprints.ugd.edu.mk/12262/.

*Во трудот со реден број 14 авторите ги презентираат резултатите од испитувањата на влијанието на лактатите врз микробиолошката слика и сензорните особини на полутраен народен колбас. Произведени се примероци без додаток на лактат и со додаток на лактат. Произведените колбаси по полнењето термички се третираат и вакуумираат. И нетретираните (контролните примероци) и третираните примероци се чуваат на температура од 4 °C и 6 °C. Се врши нивно сензорно испитување и испитување на нивниот микробиолошки статус на 1., 15., 45., 55., 65. ден од производството.Добиените резултати покажуваат дека со додавањето на лактатите во производството на полутрајни колбаси видливо се подобрени сензорните особини и микробиолошкиот статус на производите. Подобри резултати во однос на сензорните особини и микробиолошкиот статус доби групата на колбаси чувана на температура од 4 °C, во споредба со групата колбаси чувана на температура од 6 °C.Додатокот на лактат ги зачувал сензорните особини на третираните примероци и им го продолжил рокот на употреба*

**Taskov, N.** and Dimitrovski, D. and Temelkov, Z. (2013) Wine tourism in Macedonia, a qualitative analysis. Scientific Journal Hotel and Tourism Management (2). pp. 55-62. ISSN 2334-8267 http://eprints.ugd.edu.mk/8169/.

*Анализирајќи го случајот со Македонија може да се каже дека земјата има огромен потенцијал за развој на винскиот туризам, притоа сфаќајќи ги придобивките што произлегуваат од него. Имено, винските региони во Македонија се свесни на глобално ниво според квалитетот на нивните вина и лозови насади. Некои винарски визби ги презеле првичните чекори за развој на винскиот туризам, но тие се уште се далеку понапред од искористувањето на основните придобивки. Ова е првенствено како резултат на недостаток на соодветни капацитети и капацитети за сместување на туристи. И покрај тоа што до одредена мера се поставени рути за вино има недостаток на стандардизирани вински маршрути, така што голем број туристи ги посетат винариите индивидуално, наместо како организирана турнеја. Бидејќи винскиот туризам може да послужи како механизам за локален економски развој, Македонија треба да посвети посебно внимание на нејзината промоција во тесна соработка со винариите и локалните институции.*

Mitreva, E. **Taskov, N.,** Filiposki, O. and Boskov, T. (2013). Business processes optimization possibilities. *International Journals of Marketing and Technology (IJMT),* 3 (8). pp. 89-97. ISSN 2249-1058. (EBSCO) http://eprints.ugd.edu.mk/6858/

*Во овој труд се предлагаат можности и модел за подобро работење, поголема ефикасност и ефективност на компаниите, преку оптимизација на деловните процеси, промена на корпоративната култура и целосно искористување на деловните потенцијали. Придобивките од примената на ваквиот модел не е само зголемување на деловните резултати на компаниите, што понатаму ќе послужи како погонска сила за континуирани подобрувања, туку и зголемување на посветеноста на топ менаџментот и вработените кон унапредување на процесите, задоволство на купувачите, вработените, акционерите, доставувачите, заедницата.*

Mitreva, E., **Taskov, N.,** Kitanov, V., Filiposki, O. and Boskov, T. (2013). Models of TQM Strategy in the World and the Need for Macedonian Model of Excellence. *International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology,* 16 (1). pp. 69-79. ISSN 2229 – 6107. (EBSCO) http://eprints.ugd.edu.mk/6644/

*Во овој труд се направени дијагностицирање и анализа на американскиот, европскиот и јапонскиот модел на управување со квалитетот, како и анализа на постојниот модел на управување со македонските компании. Градењето политика и стратегија на македонските компании со споредување со најдобрите практики преку користење на бенчмаркинг стратегијата стана масовен феномен, но трендот во нашата земја доведе до имитација, директно копирање на конкурентот или директно помагање на конкурентските производи, што е исто така еден вид на манипулација со клиентите / корисниците. Ова е резултат на неинвентивен пристап на македонските менаџери, потиснување на креативноста на вработените, кршење работните стандарди итн. За подобрување на состојбата на македонските компании, во овој труд се предлага модел за извонредност преку модификација на постојниот EFQM (европски) модел и негово приспособување кон нашите услови. Со имплементацијата на овој модел во македонската практика ќе се овозможи континуирано унапредување на компаниските способности, конкурентните позиции и трајно спроведување на подобрувања.*

Mitreva, E. **Taskov, N.,** Kitanov, V., Filiposki, O. and Boskov, T. (2013). The Need for Information System Design in Building a House of Quality. *International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology,* 16 (1). pp. 26-33. ISSN 2229 – 6107. (EBSCO) http://eprints.ugd.edu.mk/6643/

Во овој труд е дадена анализата на македонските компании во правец *на тоа во колкава мера се користат соодветни информации при водењето на деловните процеси и кои мерки треба да ги преземе врвното раководство за подобрување на комуникациските системи. Обидот да се одговори на овие прашања бара градење добар информациски систем како дел од системот на квалитет како нужност во процесот на проектирање и имплементација на TQM (Total Quality Management) системот. TQM стратегијата темелена на овој начин значи интеграција на информатичката технологија со интерната стандардизација, методите и техниките за бездефектно работење, оптимизација на трошоците, како и образование и мотивација на вработените во кои е присутен тимскиот дух.*

Petroska Angelovska, N. and Ackovska, M. and **Taskov, N.** (2013). Liquidity of tourism sector enterprises in the Republic of Macedonia. Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, 15 (1-2). pp. 71-81. ISSN 1409-7893. http://eprints.ugd.edu.mk/8238/

*Во овој труд се дадени истражувања поврзани со ликвидноста на претпријатијата од туристичкиот сектор во Македонија. Истражувањата покажуваат дека во менацирањето на туристичките бизниси ликвидноста на претпријатијатијата и управувањето со протокот на пари е од големо значење, како и законската регулатива, како и монетарната и кредитна политика.*

***Трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни конференции:***

Filiposki, Oliver and Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako** and Mitreva, Elizabeta (2017) Gastronomic tourism is much more than gastronomy: the case of the Republic of Macedonia. Proceedings of the 3rd International Scientific and Professional Conference The Challenges of Today: „Sustainable coastal and maritime tourism“. pp. 296-303. ISSN 1846-6656 http://eprints.ugd.edu.mk/18713/

*Овој труд се базира на компаративни заклучоци за неколку истражувања за потребите на туристите, традиционални јадења во одредени региони и препознатливи производи, предмети, традиции и настани во Република Македонија. Богатството на традицијата, природата, поволните услови и разните гурмански производи и навики се богатството на целиот Балкан. Акцентот на храна подготвена во одделни региони, начинот на готвење, начинот на консумирање е вистинско неоткриено богатство на допир, слух, видување, инстинкт на стомакот, мирис и вкус. Република Македонија, како континентална земја која нема море, има „море" на можности за развој на гастрономичкиот туризам, кој е составен од традиција, вкусна храна, можности за вработување, одржлив развој и континуирано задоволство на посетителите.*

Metodijeski, D., **Taskov, N.,** Mitreva, E., Filiposki, O. and Andreeva, J. (2017). Tourism legislation and policy: Review of tourism law in selected Balkan countries. Book of Proceedings Economic and Social Development, 22nd International Scientific Conference on Economic and Social Development – "The Legal Challenges of Modern World". pp. 368-375. ISSN 1849-7535. http://eprints.ugd.edu.mk/18021/

*Предмет на овој труд е туристичкото право и политика презентирани низ призмата на законите за туризам во Хрватска, Србија, Македонија и Бугарија. Критериуми кои се користени при изборот на овие две земји се членство во Европската Унија и морската границата на Хрватска и Бугарија од една страна и континентална територија и кандидатурата за влез во Европската Унија на Србија и Македонија од друга страна. Во трудот се дадени основни податоци за земјите, како што се: население, број на меѓународни туристи, закони за туризам и постоењето на Национална туристичка организација. Табеларно прикажаните владините тела одговорни за туризмот, националните стратегии за развој на туризмот, како и легислативата поврзана со туризмот, се користени за да се направи компаративна анализа на четирите земји. За потребите на трудот употребена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултирање на официјалните закони за туризам во четирите земји. Направена е анализа и преглед на законите за туризам, врз основа на систематска евалуација на нивната актуелна содржина. Заклучните согледувања се однесуваат на структурата, разликите и сличностите на законите за туризам и како законодавството ги одредува перспективите и правците за развој на туризмот кај Балканските земји.*

Mitreva, E., Filiposki, O., Krivokapić, Z., Jovanovic, J. **Taskov, N.** (2017). Leadership – dedication to the Quality Management System and customer focus in Macedonian companies. In: 24th International Scientific Conference on Economic and Social Development – "Managerial Issues in Modern Business", 13-14 Oct 2017, Warsaw, Poland. http://eprints.ugd.edu.mk/18588/.

*Во овој труд се дадени наодите од истражувањата во поглед на капацитетот на лидерството во македонските компании, нивната способност во донесување одлуки и подготвеност за тимска работа спрема критериумите за добивање Европска награда за квалитет. Резултатите од истражувањето треба да дадат корисни насоки низ*

*кои треба да поминат македонските компании за унапредување на деловните процеси, производите/ услугите. Решението е најдено во унапредување на менаџмент системот преку нова TQM стратегија, развој на кадрите и тимско работење, како и унапредување на процесите и тоа далеку порано, пред купување на нова технологија, посебно IT.*

Mitreva, E., Lazarevski, I., Filiposki, O. and **Taskov, N.** (2016). Situation analysis of textile industry in Macedonia by criteria for obtaining the European Award for Quality. In: Proceedings of the 10th International Conference "Quality, Management, Environment, Education, Engineering" (ICQME 2016), 28-30 Sept 2016, Petrovac, Montenegro. http://eprints.ugd.edu.mk/16837/.

*Во овој труд е направена анализа на состојбата на македонските текстилни компании преку неколку критериуми за добивање на Европска награда за квалитет: лидерство, политика и стратегија, менаџмент со вработени, ресурси, процеси, задоволство на купувачите /корисниците, задоволство на вработените, влијание врз општеството, деловни резултати. Преку овие критериуми се оценуваше каде се наоѓаат истите кога би се натпреварувале за Европската награда на квалитет. Резултатите од истражувањето покажаа слаба развиеност во однос на критериумите, за што во овој труд се предлагаат насоки и препораки за зголемување на конкурентноста на текстилните компании и нивно преструктурирање за да се фати чекор со новите светски трендови.*

Mitreva, E., Zdrvkovska, L. **Taskov, N.** Metodijeski, D. and Gjorshevski, H. (2016). Quality management and practises in automotive parts production. In: XXIV International Scientific-Technical Conference Trans'16 Motauto, 29 June-02 July 2016, Varna, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/16861/.

Во овој труд е направена анализа *во компанија од автомобилската индустрија со цел да се идентификува дали во истата има ефикасен систем на квалитет преку следење на начинот на кој се управуваат деловните процеси (идентификување, документирање и контрола) и дали е изградена документацијата за ефикасност на системот. За таа цел, при проектирање на стандардните оперативни процедури, треба да се примени соодветна методологија за оптимизирање на деловните процеси. Во овој труд е применета Paretto анализата за откривање на местата каде што се случуваат најголем број дефекти, Ishikawa пристапот за да се откријат причините за појава на грешки, како и контролните карти, QRQC- Quick Response Quick Control; 8D; PFMEA; Шест сигма, Lean методологија, Kaizen и други. Од резултатите кои се добиени со ова истражување се дојде до сознание дека со имплементација на овие методологии за оптимизација на деловните процеси може да се постигне дефинираниот квалитет и подобра продуктивност при најмали трошоци во работењето.*

Stojanovska-Stefanova, A. and **Taskov, N.** (2015). The role of marketing in economic development and promotion of the countries. In: Scientific Conference ERAZ 2015, 11-14 June 2015, Beograd, Serbia. http://eprints.ugd.edu.mk/13706/.

*Маркетингот како научна дисциплина се потпира на развојот на економијата, технологијата, потрошувачкото однесување, мотивите што доведуваат до зголемена потрошувачка. Степенот до кој секоја земја ги препознава своите можности и ги решава опасностите зависи од нејзините способности. Способностите на една земја да одговори на предизвиците зависат од: националната култура, ставовите и вредностите; социјална кохезија; богатство на природни ресурси; индустриска организација, како и политичка структура и влада.*

Mitreva, E., **Taskov, N.** and Gjorshevski, H. (2015). Methodology for design and implementation of the TQM (Total Quality Management) system in automotive industry companies in Macedonia. In: *Regionalna naucno strucna konferencija - ERAZ 2015 - Odrzivi ekonomski razvoj-savremeni i multidisciplinarni pristupi*, 09 June 2015, Belgrade, Serbia. http://eprints.ugd.edu.mk/14648/

*Во овој труд е направена анализа во компанија од автомобилската индустрија со цел да се идентификува дали во истата има ефикасен систем на квалитет преку следење на начинот на кој се управуваат деловните процеси (идентификување, документирање и контрола) и дали е изградена документацијата за ефикасност на системот. Во овој*

*труд е применета Pareto анализата за откривање на местата каде што се случуваат најголем број дефекти, Ishikawa пристапот за да се откријат причините за појава на грешки, како и контролните карти, QRQC- Quick Response Quick Control; 8D; PFMEA; Шест сигма, Lean методологија, Kaizen и други. Од резултатите кои се добиени со ова истражување се дојде до сознание дека со имплементација на овие методологии за оптимизација на деловните процеси може да се постигне дефинираниот квалитет и подобра продуктивност при најмали трошоци во работењето.*

**Taskov,** N., Mitreva, E. and Sazdova, J. (2015). The current state of various characteristics related to the wine market in the Republic of Macedonia. In: *Regionalna naucno strucna konferencija - ERAZ 2015 - Odrzivi ekonomski razvoj-savremeni i multidisciplinarni pristupi,* 11 June 2015, Belgrade, Serbia. http://eprints.ugd.edu.mk/14650/

*Во овој труд се прикажа квалитативното и квантитативното истражување на пазарот на вино во Македонија со осврт на егзактни податоци. Истражувањето е спроведено со цел да се добие јасна слика за моменталната состојба за различни специфичности поврзани со пазарот на вино во Македонија од гледна точка на нејзините граѓани. Истото се базира врз анализите од телефонските интервјуа, направени на репрезентативен примерок од 1.007 испитаници, како и од четирите фокус групи со различни групи на граѓани, спроведени во октомври 2013 година. Анализите од истражувањето се концентрирани на повеќе сегменти поврзани со пазарот на алкохолни пијалаци, со особен осврт на виното.*

Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola (2015) Comparative Analysis of the Hostel Sector in Macedonia and Bulgaria. Procedings of the 3rd International Conference “Ohrid – Vodici, 2015”, “Rethinking the framework of interdisciplinary cooperation between cultural heritage, local economic development, tourism and media”. pp. 233-239. ISBN 978-608-65643-3-9 http://eprints.ugd.edu.mk/15008/

*Во трудот се прави компаративна анализа на хостелскиот сектор во Македонија и во Бугарија. За потребите на трудот се спроведени неформални интервјуа со сопственици на хостели во двете земји. Резултатите од истражувањето се дадени како препораки за развој на хостелската дејност во овие земји.*

Andronikov, D. and Kuzelov, A. and **Taskov, N.** and Saneva, D. and Janevski, A. and Mojsov, K. and Sofijanova, E. (2015) The influence of the content of the brine on the growth rate and the loss of weight of some smoked pork products. In: XX Savetovanje o biotehnologiji, 13-14 March 2015, Čačak, Serbia. http://eprints.ugd.edu.mk/13718/

*Во овој труд се испитувани содржината на нитрити и сол и хемискиот состав на обликувани парчиња на месо од врат, плешка, каре и свежа сланина (панцета) и разбирање на однесувањето на потрошувачите на пазарот при изборот на соодветен производ од месо. Најголем раст на инјектирање се наоѓа во свинско каре (20,8%), а најмалку во панцетата (6,46%). Најниско губење на тежината по термичка обработка се наоѓа во панцета (0,77%), додека најголемо губење на тежината има вратот (8%). Содржината на сол во готовите производи од месо се движи од 1,65 и 2,38%, додека содржината на нитрити кои се движат од 14 и 22 (mg/kg). По инјектирање и термички третман, содржината на вода и масти се намалила, додека содржината на протеини се зголемила во готовиот производ: врат, плешка и каре. Во готовите производи не е пронајдено бактерии од следниве видови: Clostridium, Staphylococus, Proteus, Escherichia. Вкупниот број на бактерии (Bacillus) покажа намалување по термичката обработка во сите четири категории на месо.*

**Taskov, N.** and Angelkova, T. and Magdinceva Sopova, M. and Metodijeski, D. (2015) Opportunities for development of tourism and small enterprises in Dojran municipality in Macedonia. SITCON 2015 - Singidunum International Tourism Conference. pp. 88-92. ISSN 978-86-7912-615-3. http://eprints.ugd.edu.mk/14115/

*Трудот се фокусира на можностите за развој на туризмот и малите бизниси на територијата на Општина Дојран. За потребите на трудот направена е анализа на малите претпријатија во Дојранскиот регион, со препораки за подобрување на бизнис перформансите.*

Mitreva, E. **Taskov, N.** and Lazarovski, Z. (2014). The need for the design and implementation of TQM system for the airport services TAV Airports Holding, Macedonia. *In: 8th International Quality Conference, 23 May 2014, 8th IQC, Center for Quality*, Faculty of Engineerin. University of Kragujevac. http://eprints.ugd.edu.mk/10017/

*Во овој труд се направи целосна дијагноза на некои деловни процеси во компанијата за аеродромски услуги TAV Airports Holding, Macedonia. Врз основа на анализите што ги направивме на постојниот систем за квалитет е проектирана соодветна методологија за секоја функција на TQM (Total Quality Management) системот со цел да се најде оптимално решение за непречено одвивање на аеродромскиот сообраќај, со цел да се задоволат желбите и потребите на клиентите, а притоа компанијата да оствари профит.*

**Taskov, N.,** Mitreva, E., Sazdova, J., Dimitrov, N. and Metodijeski, D. (2014). Full commitment of top management in Macedonian High Education Institutions. *In: Proceedings of the Scientific Conference Quality and Leading Innovation´2014,* 19–20 Sept 2014, Košice – Hradec Králové. http://eprints.ugd.edu.mk/11944/

*Во овој труд се анализирани факторите за успешна имплементација на TQM стратегијата во високообразовните институции. Ширењето на TQM концепцијата во високообразовните институции бара одредено социјално и културно ниво на средината (навики и менталитет на вработените), создавање инфраструктура и развој на корпоративната култура. Во овој труд се вложи напор со помош на принципите на TQM да се развие универзална, интегрална методологија за проектирање и имплементирање на TQM систем во високото образование. Оваа методологија треба да помогне и да даде корисни насоки на сите високообразовни институции кои се стремат да бидат образовни институции од „светска класа".*

Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako** and Temelkov, Zoran and Filiposki, Oliver (2014) SMEs development and innovation: Examples of rural tourism in Republic of Macedonia. SMEs Development and Innovation: Building competitive future of South-Eastern Europe, VIII International Conference, 03-04 Oct 2014, Ohrid, Macedonia. ISBN 978-9989-695-56-8 http://eprints.ugd.edu.mk/11517/

*Малите и средни претпријатија, нивниот развој и иновации, претставени преку примери на претприемачи и семејни бизниси кои се занимаваат со руралниот туризам во Република Македонија се предмет на овој труд.Дадени се општите карактеристики на малите и средни претпријатија и нивната улога и учество во туристичкиот сектор, со посебен фокус на руралниот туризам. Во заклучоците се посочени коментари, сугестии и препораки за перспективите на малите и средни претпријатија кои се еден од главните фактори за развој на туризмот и популаризација на патувањата во руралните средини.*

**Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola and Metodijeski, Dejan (2014) A review of the hostel sector in the Republic of Macedonia. Proceedings of the Vth International Practical - Scientific Conference: Tourism Economics and Business. Batumi Shota Rustaveli State University, Batumi, Georgia, pp. 168-172. ISBN 978-9941-22-316-7
http://eprints.ugd.edu.mk/10642/

*Целта на овој труд е да биде направен преглед на хостелскиот сектор во Република Македонија. За потребите на трудот е направено експлораторно истражување (квалитативно), преку кое се доби увид во состојбата на хостелскиот сектор на национално и меѓународно ниво. Трудот содржи материјали поврзани со дефинирањето и историскиот развој на хостелите, тенденциите во хостелското работење, профилот на туристите кои престојуваат во хостелите, хостелскиот сектор и препораките за неговиот развој во Република Македонија.*

Indzilieva, Dijana and Kuzelov, Aco and **Taskov, Nako** and Saneva, Dusica and Metodijeski, Dejan (2014) Ispitivanje potencijalnog probiotika - lactobacillus plantarum soj L6 izolovanog iz "Karlovske kobasice". XIX Savetovanje o biotehnologiji sa medjunarodnim ucescem, 07-08 March 2014, Cacak, Republika Srbija. ISBN 978-86-87611-31-3 http://eprints.ugd.edu.mk/9708/

*Употребата на пробиотик стартер култури во производството на сурови – сушени производи од месо претставува актуелен научен и практичен интерес за истражување*

*во месната индустрија. Целта на ова истражување е да се испитаат потенцијалните пробиотик својства на Lactobacillus plantarum на (L6), изолирани од „Карловски колбаси". Констатирано е дека L6 поседува потенцијални пробиотски својства, што е потврдено преку неговата способност да преживее во кисела средина, како и во присуство на 0,15% и 0,30% жолчни соли да формира биофилм на полипропиленски површини. Потврдена е способноста за адхезија на цревните епителни клетки. Тестираните L plantarum L6 може ефикасно да послужи како антимикробна пречка за развој на патогени бактерии во производството на сирови – сушени производи од месо.*

**Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola and Metodijeski, Dejan (2013) Регионална распространетост на руралниот туризам во ридско-планинските подрачја. In: Проблеми и перспективи на ридско-планинските подрачја, 13-15 Sept 2013, Охрид. ISBN 978-608-65155-3-9 http://eprints.ugd.edu.mk/7411/

*Во трудот станува збор за руралниот туризам и неговата регионална разместеност гледано од аспект на планските статистички региони. Опфатени се поважните рурални населби во ридско-планинските подрачја кои го практикуваат руралниот туризам, со своите специфичности – разлики и сличности.*

Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola (2014) Списокот на светското наследство на УНЕСКО како фактор за развој на туризмот во Балканските земји. In: 2nd International Conference of Cultural Heritage, Tourism and Media, 17-19 Jan 2014, Ohrid. ISBN 978-608-65643-1-5 http://eprints.ugd.edu.mk/9616/

*Во трудот се прави мапирање на објекти од Списокот на светското наследство на УНЕСКО во Балканските земји. Постоењето на културно и природно наследство и неговото вклучување во УНЕСКО се набљудува како фактор за развој на туризмот.*

Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako** and Boskov, Tatjana and Filiposki, Oliver and Temelkov, Zoran (2014) Промоција на туристичките дестинации во нашата земја преку кампањата Истражи ја Македонија. In: 2nd International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, 17-19 Jan 2014, Ohrid, Macedonia. ISBN 978-608-65643-1-5 http://eprints.ugd.edu.mk/7498/

*Во трудот се дадени општите карактеристики на кампањата Истражи ја Македонија и моменталната состојба на снимени видеа за промоција на туристичките дестинации, места и региони во нашата земја. Трудот содржи коментари, предлози и препораки за перспективите на промотивната кампањата која придонесува за развој на туризмот и популаризација на патувањата на домашните туристи.*

Mitreva, E. and **Taskov, N.** (2013). The road to success - from high quality public services towards the high-quality public administration. *In: V-th International Scientific Conference: During the "Science Days of TU-Sofia 2013"*, 1-3 June 2013, Sozopol, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/6688/

*Постојат емпириски докази дека разните програми за подобрување на квалитетот на услугите што ги нуди јавната администрација го имаат зголемено задоволството на корисниците. Меѓутоа, во исто време анкетите и истражувањата кај нас покажуваат намалување на довербата во органите на владата и парламентот. Ова покажува дека не постои врска помеѓу квалитетот на услугата и довербата. Перцепцијата за квалитет доаѓа од многу специфични опсервации на јавните услуги, додека довербата се однесува на владината машинерија. Висококвалитетна јавна администрација значи можност на зголемување на задоволството на корисниците преку нудење јавни услуги и градење доверба во јавната администрација преку транспарентни процеси, како и преку демократски дијалог. За да се постигне ова, конвенционалните деловни концепти на квалитет според кои јавните услуги се обезбедувач на услугата, а граѓаните се клиенти мора да се збогатат со филозофијата на TQM концептот, кои ги гледа јавните служби како катализатори на општеството, а граѓаните како дел од одговорно и активно општество.*

**Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola and Metodijeski, Dejan and Nakovska, Julija (2013) Практичната работа како составен дел од образовниот процес на студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика. Пети международен симпозиум – Туризъм, бизнес и образование XXI век, Благоевград, България. Пирински книжовни листи - Списание за туристика. ISSN 1312-6911

http://eprints.ugd.edu.mk/8037/

*Во овој труд се прикажува практичната работа на студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика, кон која оваа институција има направено сериозен пристап. Во трудот се дадени дефиниции за практичната работа и објаснета е потребата од практичната работа во понатамошното персонално и професионално развивање и обучување на студентите. Трудот завршува со заклучни согледувања за перспективите на практичната работа која придонесува во подобрување на квалитетот на кадрите кои се еден од најважните фактори за развојот на угостителството и туризмот.*

Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako** and Filiposki, Oliver and Boskov, Tatjana and Temelkov, Zoran (2013) Geographical dispersion of tourist agencies in Republic of Macedonia. In: First International Conference Mediterranean Tourism - MT-2013, Nis, Serbia. http://eprints.ugd.edu.mk/7475/

*Предмет на истражување на овој труд се туристичките агенции во Република Македонија како еден од основните фактори за развојот на туризмот. Во трудот е направен преглед на туристичките агенции по региони, посочени современите тенденции во нивната работа, како и улогата на субвенционирањето на странските туроператори во зголемувањето на туристичката посетеност.*

***Монографија или научна книга***

Mitreva, E., **Taskov, N.** and Gjorshevski, H. (2016). Методи и техники за оцена на квалитетот на производите. 2-ри Август, Штип. ISBN 978-608-4662-62-4. http://eprints.ugd.edu.mk/16081/

*Во оваа книга се презентирани методи и техники за оцена на квалитетот во рамките на индустријата и се разработени неколку примери за контрола на квалитетот на индустрискиот производ и деловните процеси. Во ова научно помагало се обработени 12 поглавја кои опфаќаат теоретско објаснување, решени задачи, задачи за индивидуално решавање од страна на студентите и читателите, како и прилози од табели неопходни за успешност во решавањето. Обработените поглавја треба да им помогнат на читателите да се стекнат со основни знаења како да произведат производ кој ќе ги задоволи барањата и очекувањата на потрошувачите. Во исто време, книгата треба да помогне во дилемите како индустријата да го приспособи новиот дизајн на производот на производниот процес, на различните перформанси на машините, како да ја набави потребната опрема и технологија, да користи вистински материјали, да обезбеди квалификувани работници со постојана обука и надгледување, притоа применувајќи тотален менаџмент на квалитет.*

Mitreva, E., **Taskov, N.** and Gjorshevski, H. (2016). Совршенство во менаџмент на квалитетот и перформансите на компаниите. 2-ри Август, Штип. ISBN 978-608-4662-61-7. http://eprints.ugd.edu.mk/16083/

*Во оваа книга авторите имаа за цел да дадат компетентен научен осврт, но и свои согледувања, а притоа да не се изземат есенцијалните феномени и појави поврзани со тоталниот менаџмент на квалитет, со едноставна мотивација студентите и читателите со ограничен напор да ги осознаат овие феномени кои се во центарот на интересирањето, како од теоретски така и од практичен аспект. Стремежот на македонските компании треба да биде во правец на создавање услови за пласман на нашите производи со повисок квалитет на светските пазари, а тоа ќе се постигне преку реинженеринг на деловните процеси што ќе овозможи унапредување на квалитетот на производите, поголема конкурентност, поголема продуктивност, производство на производи со повисока фаза на преработка, намалување на трошоците и сл.*

**Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan and Mitreva, Elizabeta (2015) Thermal tourism in Macedonia. LAP Lambert Academic Publishing, Saarbrucken, Germany. ISBN 978-3-659-36592-8 http://eprints.ugd.edu.mk/13410/

*Во оваа книга се обработува проблематиката поврзана со термалниот туризам. Претставени основи и можностите за развој на овој вид на туризам преку анализа на бањските центри, менаџментот на спа услугите, гастрономијата и специјализираните третмани, лековитоста на минералните води, заштита на животната средина, промоцијата и начините за привлекување на туристи и збогатување на нивниот престој*

*во бањските центри.*

Cuculeski, N., Cuculeski, V. and **Taskov, N.** (2015). The influence of the factors of consumer behavior in tourism. LAP Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-659-81466-2. http://eprints.ugd.edu.mk/15128/

*На однесувањето на потрошувачите воопшто, а особено во туризмот, влијаат мноштво фактори. Напорите во оваа публикација се да ги дефинираат и испитаат клучните фактори кои влијаат врз однесувањето на потрошувачите во туризмот. Бидејќи маркетинг аспектот е во фокусот на теоретската рамка, овие аспекти и специфичности се поврзани со маркетингот. Однесувањето на потрошувачите е поврзано со проучувањето и за поединецот, групата или организацијата и процесите кои се користат за избор, обезбедување, користење и продажба на производи, услуги, искуства или идеи за да ги задоволат потребите што овие процеси ги имаат на потрошувачот или на општеството. Ова гледиште за однесувањето на потрошувачите е пошироко од традиционалното, што доведува до испитување на индиректното влијание врз потрошувачките одлуки и последици кои го вклучуваат не само купувачот туку и продавачот.*

**Taskov, Nako** and Mitreva, Elizabeta and Metodijeski, Dejan (2014) Cooking: Cooking practice. Lambert Academic Publishing. ISBN 978-3-659-635 14-4

http://eprints.ugd.edu.mk/11388/

*Во книгата се прави осврт на готвењето и основите на готварството. Се обработува материјал поврзан со користењето на различни намирници од животинско и растително потекло во процесот на готвење, организацијата на кујната и подготовката на различни видови на јадења, од модерна кујна до традиционални специјалитети.*

**Taskov, Nako** (2013) Technology of serving. Other. Lambert Academic Publishing. http://eprints.ugd.edu.mk/8253/

*Во својата содржина, монографијата „Технологија на послужувањето“ го опфаќа следново: простории во кои се врши послужувањето; видови на угостителски објекти во кои се врши послужување на храна и пијалаци; стручен персонал за послужување; опрема и инвентар за послужување; карти за избор на услугите во послужувањето; запознавање со пијалаците и начинот на послужување; ресторанско послужување на јадења, супи и чорби; послужување на вино и дегустација; пречекување, сместување и испраќање на гостите; организациони системи и начини на послужување; дневни оброци; свечени приеми во угостителството; банкет (свечен ручек-вечера), коктел партија, ладно бифе, чајанка, банкет од протоколарен карактер, пикник, гарден партија, интимна и доцна вечера; довршување-подготвување јадења пред гостите (фламбирање), во еден дел е опфатено и барменството итн.*

***Стручни книги***

**Taskov, N.** Dimitrov, N. and Metodijeski, D. (2017). Пътеводител за характерните про. ти, забележителности, обекти и събития в Македония. Агенция за подкрепа и промотиране на туризма на Република Македония. ISBN 978-608-66032-2-9. http://eprints.ugd.edu.mk/17979/

*Овој водич, илустриран со фотографии и надополнет со мапи за подобра навигација на посетителите низ просторот, се стреми да ги претстави поважните производи, локалитети, објекти и настани од значење за туризмот во Македонија. Водичот е на бугарски јазик.*

**Taskov, N.** Dimitrov, N. and Metodijeski, D. (2017). A guide to the famous products, places, landmarks and events in Macedonia. Agency for support and promotion of tourism in the Republic of Macedonia, Skopje. ISBN 978-608-66110-0-2. http://eprints.ugd.edu.mk/18256/

*Овој водич, илустриран со фотографии и надополнет со мапи за подобра навигација на посетителите низ просторот, се стреми да ги претстави поважните производи, локалитети, објекти и настани од значење за туризмот во Македонија. Водичот е на англиски јазик.*

Metodijeski, D., **Taskov, N.** and Dimitrov, N. (2017). Манастири Македоније - туристички водич. Агенција за подршку и промоцију туризма Републике Македоније. ISBN 978-608-66032-4-3. http://eprints.ugd.edu.mk/17980/

*Водичот содржи и опис на манастирите, можност за сместување и исхрана, картографски прикажани мапи во боја со местоположбата на манастирите и нивната околина, информации за контакт, објекти и места од посебно значење во близина на манастирите, препорачани тури и други важни информации. Водичот е на српски јазик.*

Dimitrov, Nikola and Taskov, Nako and **Metodijeski, Dejan** (2015) Водич низ регионите во Република Македонија. Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија. ISBN 978-608-65886-4-9 http://eprints.ugd.edu.mk/15012/

*Водичот ги презентира најважните информации за природните убавини и културно-историските знаменитости, хотелските и ресторанските капацитети во осумте статистички региони во Република Македонија. За секој регион низ кратки текстови, поткрепени со фотографии и карти, прикажани се природните убавини, културно-историските споменици, сообраќајната поврзаност и објектите за сместување, исхрана и забава.*

Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola (2015) Позначајни манастири во Република Македонија. Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија. ISBN 978-608-65886-3-2
http://eprints.ugd.edu.mk/15013/

*Водичот содржи и опис на манастирите, можност за сместување и исхрана, картографски прикажани мапи во боја со местоположбата на манастирите и нивната околина, информации за контакт, објекти и места од посебно значење во близина на манастирите, препорачани тури и други важни информации.*

Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola (2016) Путеводитель по монастырям Македонии. Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, Skopje. ISBN 978-608-65886-5-6
http://eprints.ugd.edu.mk/15711/

**Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola and Metodijeski, Dejan (2016) Водич за препознатливите производи, локалитети, објекти и настани во Македонија. Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, Скопје. ISBN 978-608-65886-7-0 http://eprints.ugd.edu.mk/16254/

Овој водич, илустриран со фотографии и надополнет со мапи за подобра навигација на посетителите низ просторот, се стреми да ги претстави поважните производи, локалитети, објекти и настани од значење за туризмот во Македонија.

Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola (2016) Пътеводител за манастирите в Република Македония. Агенция за подкрепа и промотиране на туризма на Република Македония, Скопие. ISBN 978-608-65886-87

Taskov, Nako and Dimitrov, Nikola and **Metodijeski, Dejan** (2016) Makedonya'daTanınmış Yapılar, Yerler, Ürünler ve Etkinlikler Rehberi. Makedonya Cumhuriyeti Turizm Teşvik ve Destekleme Ajansı, Skopje. ISBN 978-608-65886-7-0
http://eprints.ugd.edu.mk/16983/

Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola (2016) A guide to the monasteries in the Republic of Macedonia. Agency for promotion and support of tourism of Republic of Macedonia, Skopje. ISBN 978-608-65886-6-3
http://eprints.ugd.edu.mk/16165/

***Речник***

**Taskov, Nako** and Belcev, Tole and Mitreva, Elizabeta (2015) Современ лексикон за менаџери и економисти во бизнис логистика. Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Македонија. ISBN 978-608-244-237-2 http://eprints.ugd.edu.mk/14646/

*Рецензираниот е-речник претставува незаменливо помагало за студентите, економистите, деловните луѓе и нивните советници како адвокати, банкари, менаџери, осигурители, брокери, правници, сметководители итн. Со преку 5.000 реченични единици е направен сеопфатен третман на главните полиња на деловното работење како маркетингот, менаџментот, економијата, оданочувањето, банкарството, берзата, инвестициите, правото, продажбата, сметководството, транспортот, трговијата, финансиите и сите монетарни единици во светот. Термини од актуелни*

*области како електронско тргување, информатичка технологија, администрацијата, дипломатијата и политиката. Неопходен вокабулар за работење и тргување преку интернет. Меѓународни институции и институции на Европска Унија.*

Од приложената документација може да се заклучи дека кандидатот д-р Нако Ташков има публикувано повеќе трудови во научни списанија, научни публикации, учествуво на повеќе научни собири, работилници, симпозиуми и конгреси.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Нако Ташков зема активно учество во планирањето, утврдувањето и развојот на високообразовната дејност на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Во текот на извршување на функцијата декан во континуитет презема мерки за унапредување на квалитетот на образованието и заштита на стандардот на студентите и вработените. Исто така, придонесува за подобрување на условите за студентите, наставничкиот, административниот и техничкиот кадар.

Кандидатот д-р Нако Ташков активно учествува во организација на студентски натпревари: член е на комисија за гастрономски натпревари и ресторанско работење, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Тренинг центарот Плачковица во 2016 и 2017 година. Ташков, исто така, е ментор за практична настава на студиската програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, при што константно учествува во подобрување на условите на практикантите, контрола на практичната настава, изработка на распореди и распределби за практиканти, комуникација со компании за извршување на практична работа.

Кандидатот е член на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика и член на повеќе комисии, како Конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус студии и Комисија за утврдување на исполнетост на критериуми за стручњак од практиката.

Кандидатот д-р Нако Ташков, исто така, зема активно учество во организација на домашни и меѓународни конференции преку членство во програмски и организациски одбори. Член е на организацискиот одбор на научно-стручната трибина „Туризмот во Дојранскиот регион", во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика во 2012 година. Член е на програмскиот одбор на Петтиот меѓународен симпозиум – Туризам, бизнис и образование XXI век, 19-20.10.2013 г. во Благоевград. Член е на програмскиот и организициски одбор на научно-стручната конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика, во 2016 и 2017 година. Дел е од организацискиот тим на Првата меѓународна конференција за студенти од туризам и угостителство, организирана од студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика во 2016 година, како и втората организирана во 2017 година. Член е на програмскиот одбор на меѓународната научна конференција со теми од туризмот, организирана во периодот 12-14.10.2017 година во Шибеник, Хрватска.

Кандидатот е член на повеќе невладини тела, работни групи и работилници, од кои ги споменуваме следните: член на Здружението на гастрономи – Гастроарт; член на Работна група за изработка на стратегија за развој на туризмот на Општина Гази Баба; Соработник во стручни тимови при Центар за стручно образование и обука – Скопје (Угостителско-туристичка струка); член на Комисија за категоризација на национален ресторан меана (Министерство за економија); член на Работна група за изработка на нормативи од Правилник за видот, квалитетот и количината на исхраната за Министерството за внатрешни работи.

Кандидатот д-р Нако Ташков е добитник на повеќе признанија, награди и сертификати од кои ќе ги издвоиме следните: Сертификати за учество на Еразмус+ проект работилници во Охрид и Александрополис 2017; Диплома и медал за ментор на студенти при подготовка на традиционални јадења, „Втора конференција на БАХА", Охрид 15.6.2017 г.; Благодарница за учество во Комисија за оцена на натпреварувачите на „Втор студентски натпревар за гастрономија, ресторанско работење и туристички дестинации", Штип, 31.5.2017 г.; Сертификат за учество на Втора меѓународна конференција за студенти од

туризам и угостителство, Скопје 20-22.10.2017 г.; Сертификат за учество во работилница „Вкуси ја Гази Баба“, Скопје 20.10.2017 г.; Сертификат за учество на научно-стручна конференција „Состојби и предизвици на туризмот, економијата и бизнис логистиката“, Штип, 27.5.2017 г.; Диплома за учество на XII Меѓународен кулинарски фестивал „Бисер мора“, Брач, 9.4.2017 г.; Признание за специјален придонес во организација на Првата меѓународна конференција за студенти од туризам и угостителство, Скопје, 3-4.5.2016 г.; Сертификат за учество во Трета меѓународна конференција за туризам и угостителство, Шибеник 2017; Благодарница за учество на натпреварите во гастрономско и ресторанско работење, организирани од страна на Факултетот за туризам и бизнис логистика на 2.6.2016 г.; Сертификат за учество на научно-стручна конференција Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Штип, 28.5.2016 г.; Сертификат за учество на Туризмијада во Будва, 2015 г.; Сертификат за учество на Втора меѓународна конференција за културно наследство, туризам и медиуми, Охрид, 19-21.1.2014 г.; Сертификат за учество на Прва меѓународна конференција Медитерански туризам, Ниш, 15-16.6.2013 г.; Сертификат за учество во Меѓународниот симпозиум Состојби и перспективи на ридско-планинските региони, Охрид, 12-15.9.2013 г.; Сертификат за учество на Прва меѓународна конференција за културно наследство, туризам и медиуми, Охрид, 18-19.1.2013 г.

Од горенаведеното може да се забележи дека кандидатот д-р Нако Ташков покажува богата активност во повеќе сфери на наставно-научната дејност, научноистражувачката и апликативно-раководната активност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вонреден професор д-р Нако Ташков го има надминато минимумот од 100 поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност (НО=40), научноистражувачката дејност (НИ=45) и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност (САОР=15) за избор во редовен професор.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа и позитивната оценка од самоевалуацијата, д-р Нако Ташков има голем придонес во наставно-образовна, научноистражувачка,стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Рецензентската комисија, земајќи ја предвид целокупната активност на кандидатот има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за кандидатот вонреден **проф. д-р Нако Ташков** да биде избран во звање **редовен професор** за наставно-научната област **економика и организација на туризмот и гастрономија** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Науме Мариноски, редовен професор, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Васко Цуцулески, редовен професор, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, член, с.р.**
**Проф. д-р Марија Таковска, редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Економски институт, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 5 | Избор во звање вонреден професор | 40 |
| | **Вкупно** | **40** |

| Ред. бр. | НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1 | Монографија или научна книга<br>**во земјата**: бр.71, 72;<br>**во странство:** бр.73, 74, 75, 76 | 2x10=20 | 4x15=60 |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) **прв автор:** бр.14, 15, 16; **втор автор:** бр. 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 11, 12, 13, 17; **останати автори:** бр.8, 9, 10 | 3x15=45<br>11x10=110<br>3x5=15<br>**вк.170** | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори). **прв автор:** бр.44; **втор автор:** бр.23, 24, 25, 26, 27, 28, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 45, 46, 47; **останати автори:** бр.18, 19, 20, 21, 22, 29, 30, 31, 32, 33, 48 | 1x9=9<br>19x6=114<br>11x3=33<br>**вк.156** | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир бр.49-70 | 5x2=10 | 17x3=51 |
| 12 | Раководител на научен проект | 2x4=8 | - |
| 13 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | 3x2=6 | - |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 4x1=4 | 2x2=4 |
| | **Вкупно** | **489** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1 | Книга бр.77-86 | 10x10=<br>100 | - |
| 3 | Речник бр.87 | 1x4=4 | - |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | 2x2=4 | 2x4=8 |
| 13 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | - | 3x8=24 |
| 19 | Стручни награди и признанија | 4x4=16 | - |
| 23 | Декан | 12 | |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | 1x5=5 | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 5x2=10 | |
| | **Вкупно** | **183** | |
| | **Вкупно бодови од сите области** | **712** | |